ЕДНА ГОДИНА ВО НАТО | „НАТО 2030“ | АВГАНИСТАН, ГРОБНИЦА НА ИМПЕРИИ | АВИОН „GRUMMAN A-6 INTRUDER“

# ШТИТ

Број 138
Април 2021
ISSN 1857-6710
9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**









# Една година во

На 27 март 2021 година, во касарната „Илинден“ во Скопје, со пригодна програма беше одбележана годишнината од зачленувањето на Република Северна Македонија во НАТО. На свеченоста во касарната „Илинден“ присуствуваше целиот воено-политички врв на чело со претседателот Стево Пендаровски, премиерот Зоран Заев, министерката за одбрана Радмила Шекеринска, началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, министри во Владата, а почесен гостин беше и адмиралот Роберт Бурк, командант на Здружената команда на НАТО во Неапол. Програмата по повод една година од членството во НАТО беше исполнета со показни вежби и активности на Армијата, вклучувајќи и прелет на грчки воздухоплови во рамки на мисијата „Air Policing“, заедно со хеликоптери на македонското воено воздухопловство. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска во своето обраќање истакна: „Членството на Република Северна Македонија во најмоќниот воено-политички сојуз на светот е најголемото достигнување во нашата историја како независна држава. Денеска го видовте нашиот сојуз. Сојуз на небо и на земја. Сојуз на држави со исти вредности и иста цел – безбедност и мир во свет кој стана уште понепредвидлив: пандемија, тероризам, засилена геополитичка конфронтација, сајбер-напади, па сè до лажни вести, климатски промени и елементарни непогоди. Сојуз во кој имаме што да понудиме”. Обраќајќи им се на припадниците на Армијата, министерката Шекеринска рече дека вложувањето во Армијата и во нејзините припадници е вложување во нашиот мирен сон и безбедност. „Владата ќе продолжи да инвестира и да ја модернизира армијата – не за НАТО – за нас”, рече министерката Шекеринска, и додаде дека ќе продолжиме да ја градиме Армијата како гордост на секој граѓанин на




# НАТО

Република Северна Македонија“. Претседателот Стево Пендаровски во своето обраќање истакна: Во овој период на глобална неизвесност и геополитички тензии, НАТО е важен стабилизирачки фактор за Северна Македонија. Членството во НАТО е гаранција дека кога ќе се соочуваме со проблеми нема да бидеме сами и дека нашата подготвеност за отпор и за одбрана ќе биде мултиплицирана. Претседателот на Владата Зоран Заев потенцираше дека членството во НАТО е израз на нашата надпартиска, широка, мнозинска, национална, мултиетничка и државничка одлука за тоа дека патот напред е патот на демократијата, сигурноста и безбедноста. „Ако со еден збор треба да го опишам денешниот настан со кој го славиме членството на Северна Македонија во НАТО – тогаш тој збор е: УСПЕАВМЕ! Успеавме затоа што членството во НАТО е најголемиот придонес за нашата безбедност и стабилност. Тоа е најсилната гаранција за заштита на територијалниот интегритет и на суверенитетот на Република Северна Македонија“, истакна претседателот на Владата. Командантот на Сојузничката команда на здружените сили на НАТО во Неапол, адмирал Роберт Бурк, во своето поздравно обраќање потенцираше дека, и пред да стане сојузник, Северна Македонија долго време беше партнер на НАТО како придонесувач за евроатлантската безбедност.







# содржина

ШТИТ ■ година XIII ■ број 138 ■ април 2021

Инфо 5

НАТО активности
**Сојузнички команди на здружените сили на НАТО** 6

НАТО активности
**„НАТО 2030“ Клучни области за адаптација на Алијансата (Втор дел)** 8

Мировни мисии
**Под знамето на ОН Влијанието на пандемијата од COVID-19 врз мировните мисии** 12

Глобал
**Блокадата на Берлин – почетокот на Студената војна** 16

Едукација
**Авганистан, гробница на империи** 20

Легендарни македонски пилоти и авијатичари
**Александар Трајковиќ Скок во небесската бездна** 24

Вооружување
**Израелски пиштол „Jericho 941F“** 32

Вооружување
**Авион „Grumman A-6 Intruder“** 34

Вооружување
**Влечна хаубица „M119A3“ 105 мм** 40

Родови перспективи
**„#MeToo“ – движење против сексуално вознемирување и насилство врз жените** 46

Незадолжително
**Дивиот свет и Ковид-19** 48

Филм
**„Грејхаунд“** 56

# Една година од зачленувањето во НАТО

Еве, веќе една година Република Северна Македонија е земја членка на најголемиот воено-политички сојуз на денешницата – НАТО Алијансата. Република Северна Македонија веќе една година официјално ги споделува НАТО вредностите, официјалните претставници на нашата држава, претседателот, премиерот, министерката за одбрана, министерот за надворешни работи итн., официјално седат на заедничка маса со сојузниците на конференциите и состаноците на Алијансата и официјално ги примаат високите гости и претставници на НАТО како рамноправни сојузници и пријатели.
Република Северна Македонија официјално дава придонес во заедничките проекти, активности и искажани потреби, а придобивките од колективното членство во текот на оваа прва година од нашето членство беа значајни и добредојдени за Република Северна Македонија. Помош и поддршка од сојузниците во справувањето со пандемијата од COVID-19, помош и поддршка во реновирањето на АП „Криволак“, помош во оружје и опрема, во размена на искуства, споделени добри практики во заеднички обуки, заеднички вежби и заедничко учество во мировни мисии – сето ова претставува заеднички придонес кон светскиот мир!
Знамето на Република Северна Македонија веќе цела една година официјално се виори пред седиштето на НАТО во Брисел, во Командата на сојузничките сили за операции во Шејп – Монс и во Командата на сојузничките сили за трансформации во Норфолк, Вирџинија.
Централната свеченост по повод 1 година од приемот на Република Северна Македонија во НАТО се одржа во касарната „Илинден“, со пригодна програма и во присуство на највисоките претставници на нашата држава и високи гости од НАТО. Го прославиме и уште многу години ќе го славиме овој значаен датум и успехот на нашата држава, но не треба да се заборават и другите значајни датуми поврзани со нашето децениско патување кон НАТО. Нашето патување кон НАТО започна во далечната 1993 година, со Одлуката на Собранието за стапување во Северноатлантската договорна организација, односно НАТО. Во април 1997 година го започнавме ПАРП процесот, додека статусот кандидат за членство во НАТО го добивме во 1999 година на Самитот на НАТО во Вашингтон. Во август 2002 година за прв пат со двајца мировници во мисијата ИСАФ во Авганистан, Армијата го започна учеството во мисиите предводени од НАТО. И, конечно, на Самитот во Брисел во јули 2018 година официјално ни беше упатена покана за започнување на пристапните преговори за членство во НАТО. Неколку дена по поканата на 57. седница на Собранието на Република Северна Македонија беше донесена Декларацијата за поддршка на пристапниот процес за членство во НАТО. Протоколот за пристапување во НАТО беше потпишан на 6 февруари 2019 година, а само по една недела, на 13 и 14 февруари 2019 година, министерката за одбрана Радмила Шекеринска за прв пат учествуваше на состанок на Северноатлантскиот совет. Процесот на ратификации на пристапниот протокол во парламентите на сите 29 сојузници беше мошне брзо реализиран, по што во февруари претседателот и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, го потпиша Указот за прогласување на Законот за ратификација на Северноатлантскиот договор, а на 20 март 2020 година го потпиша и Инструментот за пристапување на Северна Македонија во НАТО. И, конечно, на 27 март 2020 година, Република Северна Македонија стана официјално членка на НАТО.
Токму затоа, по повод сите овие значајни датуми и успеси, свечено го прославивме 27 март, и ќе го славиме и во иднина како голем и историски ден за нашата држава, Република Северна Македонија.

д-р Жанет Ристоска


Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**м-р Иван Атанасоски, полковник**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)






ШТИТ
е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува еднаш во месецот на web-страницата на Министерството за одбрана www.mod.gov.mk

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Честитка за успешната прва година на Република Северна Македонија во Алијансата

Генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, преку видеообраќање ја честиташе годишнината од зачленувањето на Република Северна Македонија во НАТО. Северна Македонија е вреден сојузник на НАТО – истакна Столтенберг во честитката. Тој, исто така, рече дека Северна Македонија е суверена земја во силната Алијанса, со свое место на масата на НАТО и еднаков глас во обликувањето на одлуките. Тоа е крај на едно патување поплочено со храброст и одлучност, што ја постави Северна Македонија на патот на стабилноста и просперитетот, опкружена со 29 пријатели и сојузници, а тоа е добро за граѓаните на Северна Македонија, за регионалната безбедност и за трансатлантската безбедност – вели Столтенберг. Нарекувајќи ја Северна Македонија сигурен извозник на безбедност, генералниот секретар го поздрави учеството на припадниците на Армијата во мисиите на НАТО. „Заедно со министерката за одбрана Радмила Шекеринска ги запознав вашите специјални единици кои се обучуваа во Скопје. Ги запознав и вашите високо професионални храбри трупи кои се борат против меѓународниот тероризам кога го посетив Кабул. Северна Македонија е сигурен извозник на безбедност“ – рече Столтенберг и




го поздрави планот за инвестирање на 2% од БДП во одбраната. НАТО помага во создавањето на стабилност, што е темел на економскиот раст – додаде тој. Генералниот секретар на Алијансата се осврна и на солидарноста на НАТО во услови на пандемија, на новите безбедносни закани, и рече дека на следниот самит на НАТО ќе биде поставена амбициозна агенда за иднината на Алијансата преку иницијативата за НАТО 2030 година. „Во овие неизвесни времиња, уште поважно е да имате пријатели и сојузници. Затоа, честитки уште еднаш за Република Северна Македонија за успешната прва година. Ви благодариме за континуираниот придонес кон нашата заедничка безбедност, ѝ благодариме на Канцеларијата за врски на НАТО за нејзината целосна помош и поддршка низ годините. Заедно стоиме, 30 сојузници на број. Заедно продолжуваме да ја гарантираме безбедноста на нашите граѓани“, заклучи Столтенберг.

# Сега сме членка на НАТО, следниот чекор е членството во ЕУ

Центарот за безбедносни студии „Џорџ Маршал“, од Гармишпартенкирхен, во соработка со Здружението на алумни на Маршал центарот во Република Северна Македонија, организираше успешен вебинар на тема **„Република Северна Македонија, една година полноправна членка на НАТО"**. Со овој настан Здружението на алумни на Маршал центарот во Република Северна Македонија учествува во одбележување на настаните по повод една година полноправно членство во НАТО. Воведни обраќања на вебинарот имаа министерката за одбрана на Република Северна Македонија Радмила Шекеринска, амбасадорката на САД Кејт Мери Бернз и Анке Холштајн, амбасадорка на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска истакна дека веќе сме рамноправен партнер во Алијансата со значајно учество во мисиите предводени од НАТО. Воедно, таа нагласи дека тоа што сме дел од НАТО алијансата не е само придобивка за Армијата, туку е и дополнителен инпут за стабилноста на другите институции во државата, како и за привлекување на инвестиции во областа на економијата. Американската амбасадорка Кејт Мери Бернз ја истакна поддршката на САД на реформските напори на Република Северна Македонија. Сепак, потребни се понатамошни напори во тој поглед. Анке Холштајн, амбасадорка на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија, ја потврди поддршката на Сојузна Република Германија во понатамошните чекори за членство во ЕУ. Главни говорници на панелите, покрај професорите од Џорџ Маршал центарот (Метју Роудс и Фриц Радемахер) беа: г. Зоран Попов, државен секретар од Министерството за надворешни работи на РСМ и полковник Круме Велков, висок воен претставник од делегацијата на РСМ во НАТО. Клучна порака од настанот на настанот беше: Сега сме членка на НАТО, следниот чекор е членството во ЕУ.







# Сојузнички команди на здружените с

Сојузничката команда за операции се состои од неколку трајно воспоставени команди на оперативно и тактичко ниво. Командата е предводена од врховниот командант на сојузничките сили во Европа (Supreme Allied Commander Europe – SACEUR). Тој ја презема целокупната команда на операциите на стратешко ниво од командата во Монс, Белгија, позната како Врховен штаб на сојузничките сили во Европа (Supreme Headquarters Allied Powers Europe - SHAPE). На оперативно ниво се формирани три постојани команди на здружените сили (Joint Force Commands), од кои едната во Брунсум, Холандија, втората во Неапол, Италија, и третата во Норфолк, Вирџинија, САД. Трите команди се подготвени да планираат, да спроведуваат и да одржуваат операции на НАТО со различна големина и обем. Секоја од нив поседува капацитет да командува една поголема операција во исто време. Овие команди исто така се одговорни за соработка со клучните партнери и регионалните организации, со цел да ја координираат соработката со партнерите кои учествуваат во операциите на НАТО и да помогнат на партнерските земји да се подготват за членството во НАТО. Командантите за својата работа одговараат пред врховниот командант на сојузничките сили во Европа.

> Сојузничката команда за операции (Allied Command Operations - ACO) како стратешка команда на НАТО е одговорна за планирање и извршување на сите операции на Алијансата

## Сојузничка команда на здружените сили Неапол

Сојузничката команда на здружените сили Неапол е активирана на 15 март 2004 година, кога нејзината претходна команда, Сојузничките сили на Јужна Европа, била деактивирана по речиси 53 години успешна активност за поддршка на мирот и стабилноста во и околу нејзината одредена област на одговорност. Првично Сојузничките сили на Јужна Европа била една од двете главни команди на НАТО во Медитеранската област, а другата била Сојузничката медитеранска сила со седиште на островот Малта, одговорна за поморските активности во регионот. Доцнењето со активирање на втората команда се должело на преговорите и компромисите помеѓу САД и Велика Британија, кои сакале да задржат еден од своите команданти над традиционалните британски поморски линии на



# или на НАТО

комуникација кои се протегаат низ Средоземното Море до Суецкиот Канал и пошироко. Од 1951 до 2003 година, врховниот командант на сојузничките сили на Јужна Европа секогаш бил адмирал на морнарицата на Соединетите Држави со седиште во Неапол, кој воедно е и врховен командант на поморските сили на САД во Европа.
Командата на здружените сили во Неапол, во состав на командната структура на НАТО, настанува како резултат на трансформацијата на НАТО насочена кон приспособување на сојузничката воена структура кон оперативните предизвици. Процесот на транзиција бил активиран со одлуките донесени на Самитот на НАТО во Прага во 2002 година. Примарна мисија на Командата во Неапол е да подготвува, да планира и да спроведува воени операции со цел да се зачуваат мирот, безбедноста и територијалниот интегритет на земјите членки на Алијансата во областа на одговорност на врховниот командант на сојузничките сили во Европа. Командата во Неапол треба да придонесе за




управување со кризи, подготвеност за спроведување и поддршка на операциите, воено анализирање и планирање на оперативно ниво, спроведување и евалуација на вежби за обука на сојузничките и партнерските штабови и сили преку заеднички и комбинирани процедури на НАТО.

## Сојузничка команда на здружените сили Брунсум

Овој главен штаб на Сојузничката команда на здружените сили (JFC HQ Brunssum) се наоѓа во Брунсум, Холандија. Тој е изграден врз инфраструктурата на поранешниот штаб на Сојузничките сили на Централна Европа (Headquarters, Allied Forces Central Europe - AFCENT), кој се користел од 1967 година. Кога Франција се повлекува од интегрираната воена структура на НАТО во 1966 година, AFCENT ги ослободил своите штабови во францускиот град Fontainebleau, каде што била основана во 1953 година и се преселува во својот нов дом на 15 март 1967 година. Областа за одговорност силите ја задржале со својот регионален фокус во Северна Европа. Во текот на 2004 година, Сојузничките сили на



Северна Европа престанале да постојат и станале главен штаб на сојузничките командни сили Брунсум, како дел од големото преуредување на силите и реструктуирање на командите од страна на НАТО.
Процесот на преструктуирање бил иницирaн за време на Самитот во Прага во 2002 година. За време на Самитот членките на Алијансата одлучиле да ја сменат структурата на командите на НАТО, со цел поефикасно да се справат со безбедносните предизвици во 21 век. Било одлучено дека оперативниот штаб на НАТО повеќе нема да биде врзан за регионалните области, давајќи му на НАТО поголема флексибилност со командите.

## Сојузничка команда на здружените сили Норфолк

Командата на здружените сили Норфолк (Joint Force Command Norfolk - JFCNF) е новиот команден дел од оперативното ниво на структурата на воената команда на НАТО во рамките на операциите на Сојузничката команда за операции. Таа е основана поради зголемената руска закана што ги прави морските патишта на Атлантикот критичен домен. Мисијата и задачите на JFCNF е да ја одржуваат подготвеноста, да ги штитат северноатлантските стратешки линии на




комуникација, да ја одвратат агресијата и да придонесат за ефикасно реагирање на НАТО. Нејзиното седиште се наоѓа во Норфолк, Вирџинија, САД. Таа е единствената оперативна команда на НАТО во Северна Америка и е тесно интегрирана со новоактивираната Втора флота на САД. Кон крајот на 2017 година и почетокот на 2018 година, НАТО го одобрил создавањето на новата команда за Атлантикот и Арктикот, со официјално активирање од страна на Северноатлантскиот совет на 26 јули 2019 година. Командата ја имплементира иницијалната подготвеност во текот 2020 година, а целосна оперативна способност ќе биде постигната до крајот на 2021 година.

Драган Павловски




# „НАТО 2030“
## КЛУЧНИ ОБЛАСТИ ЗА АДАПТАЦИЈА НА АЛИЈАНСАТА (Втор дел)

Во април 2020 година генералниот секретар на НАТО Столтенберг назначи посебна независна група „Reflection Group“ составена од девет еминентни експерти и предводена од Thomas de Maizière и A. Wess Mitchell, кои беа задолжени да ги анализираат и да ги сумираат промените во безбедносната околина и да ги проценат правците за зајакнување на политичката димензија на Алијансата во наредниот период

Во ноември 2020 година од страна на генералниот секретар Столтенберг официјално беше промовиран Извештајот на групата за рефлексија под наслов „NATO 2030: United for a New Era“. Предлозите содржани во Извештајот на групата за рефлексија за НАТО 2030 во основа се актуелната агенда за тоа што треба да се направи за да се искористи оваа уникатна можност за да се отвори ново поглавје во трансатлантските односи. НАТО мора да го ажурира својот стратегиски концепт колку што е можно побрзо врз основа на наодите и главните препораки дадени во Извештајот на групата за рефелксија за НАТО 2030. Ажурирањето на Стратегискиот концепт заеднички ќе ги адресира промените во стратегиската околина, ќе ги реафирмира вредностите на Алијансата и ќе ја зајакне трансатлантската врска (Stoltenberg, 2021d). Ова е единствена можност да се обнови сојузништвото, да му се даде нова енергија и да се зајакне трансатлантската врска од двете страни на Атлантикот. Во поглед на перспективите и препораките за целта на Извештајот на групата за рефлексија за НАТО 2030, заклучокот можеме да го претставиме посликовито, преку неколку проминентни цитати кои ја перцепираат целта за идниот развој на Алијансата.

Денес, а и во иднина, Алијансата треба да се адаптира и да биде способна да продолжи да ја заштитува слободата, демократијата и на закон заснованиот поредок кој доведе до мир и просперитет во изминатите децении. За да го постигне ова, потребно е НАТО да осигура заедничко ниво на отпорност и да ја зголеми отпорноста на сите земји членки. Исто така, потребно е да се усвојат појасни и померливи национални цели на отпорност, со цел да се обезбедат минимум стандарди за споделување на отпорноста меѓу сојузниците (Stoltenberg, 2021d). Отпорноста е поделена низ осум клучни области и ја претставува основата на способноста на НАТО за одбрана и одвраќање до 2030 година (Latici, 2021). Безбедноста не се потпира само на воената сила. На Алијансата ѝ се потребни силни и отпорни општества, како и отпорна инфраструктура и економија. Денешните предизвици со кои се соочува НАТО сѐ повеќе се непредвидливи и глобални. Ако НАТО сака да преживее тогаш мора да ја зајакне својата улога во светски рамки и има потреба да изгради глобален пристап во справувањето со глобалните предизвици. Единствениот







начин да се постигне ова е да се биде регионална алијанса со глобален пристап. Единствениот начин за да се адаптира е да се зголеми координацијата меѓу сојузниците преку проширени консултации на повеќе теми, кои се тесно поврзани со безбедноста, вклучително и прашањата за економијата, новите технологии и влијанието на климатските промени. НАТО располага со процедури да направи повеќе, но за нивната имплементација потребна е поголема политичка волја. Потребно е Алијансата „да се консултира пошироко и за прашањата кои се важни за безбедноста, но кои не се секогаш од чисто воена природа“. Овие консултации не треба да се спроведуваат само на министерските состаноци на ниво на министри за одбрана и надворешни работи, или на ниво на шефови на држави и влади, туку потребно е да се одржуваат и на ниво на советници за национална безбедност, министри за внатрешни работи и политички директори. Проширените консултации исто така, означуваат дека е потребно НАТО да се консултира и со партнерите за прашањата кои се поврзани со растот на Кина и се понаметливата Русија (Stoltenberg, 2021d).

Потребно е НАТО да го унапреди политичкиот дијалог и практичната соработка со истомислените партнери кои ги промовираат демократските вредности и ги штитат заедничките интереси. Кина и Русија се во првите редови на враќање на авторитарното владеење на меѓународниот поредок заснован на правила. Алијансата мора да игра поголема улога во бранењето и обликувањето на меѓународниот поредок заснован на правила (Stoltenberg, 2021d). НАТО треба да цели кон унапредување на соработката меѓу НАТО и ЕУ и потребно е да назначи специјален претставник за НАТО – ЕУ односи. Исто така, Алијансата треба да се фокусира на нејзиниот ангажман со партнерите во геополитички важниот Индопацифички регион и потребно е да ги унапреди сојузничкото колективно разбирање на кинеските регионални активности и глобалното влијание (Fleser, 2021). Тоа значи поблиска работа со сите партнери, вклучително и оние од глобалното партнерство, дури и воспоставување на нови партерства со државите како Индија и Бразил, а можеби и Африканската Унија, кои ги споделуваат заедничките демократски вредности. Исто така, НАТО членките мора да продолжат со иновации и инвестирање во правилните сили со правилни способности за да останат конкурентни во сè поконкурентниот свет (Stoltenberg, 2021b).

НАТО може да направи повеќе во борбата и адаптирањето на климатските промени и нивните компликации врз геополитичката ситуација и за безбедноста на Алијансата. Сите сојузници треба да инвестираат во „Green Defence Framework” и да развиваат повеќе зелени технологии за воени потреби. Климатските промени може да ја отежнат работата на воените сили во одржувањето на безбедноста во Евроатлантската област. НАТО може да направи многу повеќе за климатските промени преку воспоставување на зелени цели во рамки на одбранбеното планирање, како на пример цели кои може да вклучат 25% зголемена ефикасност во искористувањето на горивата, поголеми стандарди во воените објекти или почиста опрема и решенија за поддршка (Kertysova, 2021). Алијансата треба да ги адресира безбедносните импликации на климатските промени преку воспоставување на златни стандарди за редукција на емисијата на штетни гасови во воениот сектор и да придонесе во постигнувањето на нулта-емисија, како и да направи годишна процена на тоа како климатските промени можат да влијаат на НАТО силите и нивното распоредување (Stoltenberg, 2021d).

Следната област од интерес на Алијансата е да се зачува технолошката предност, која е тесно поврзана со растечкиот предизвик на заштитата „Emergency and Disruptive Technologies“ и потребата на НАТО да преземе проактивен пристап во нивниот развој и усвојување. „Традиционално, новите технологии беа многу повеќе развивани во војската. За да се зачува технолошкиот развој и да се промовира интероперативност и да се забрза трансатлантската соработка во иновативноста, потребно е НАТО да усвои и да имплементира соодветна одбранбена иновативна иницијатива (Stoltenberg, 2021d). Денес, многу од технологијата се равива во приватниот сектор, линкот е меѓу ентитетот на НАТО за технологија и круцијалната соработка со приватниот сектор, вклучително и новите почетнички компании за кои знаеме дека се толку важни за развојот на новите технологии (Stoltenberg, 2021c). Исто така, НАТО треба да се фокусира на зајакнување на кохезијата, на единството, на солидарноста и на кохерентноста меѓу сојузниците. Ова подразбира дека НАТО мора да ги зголеми своите заеднички вложувања во поддршка на клучните активности за одбрана и одвраќање. Трошењето заедно повеќе би придонесло за порамномерно распоредување на товарот и би ја демонстрирало силата на членот 5 и посветеноста на Алијансата, како и одржување на ветувањето за одбрана на сите. Ова ќе ги поддржи распоредувањата на сојузничките борбени групи во источниот дел на Алијансата, патролирањето на воздушниот простор, поморските распоредувања и вежбите (Stoltenberg, 2021d). НАТО алијансата се покажа како способна да се приспособи на промените во светот и сега треба повторно да се промени. Имплементацијата на препораките и на главните наоди предложени со Извештајот на Групата за рефлексија за НАТО 2030 докажаа дека Алијансата е способна да го направи тоа повторно и да се приспособи за следните декади.

д-р Игор Ѓорески



# Препораки за информатичка безбедност

Глобализацијата и енормно брзиот развој на информатичката, компјутерската и сателитската технологија имаат големи импликации, како врз експлоатирањето и злоупотребата на личните податоци од поединци, така и преку намерите да се наштети на податоците во економскиот, одбранбениот и безбедносниот сектор. Интензивната употреба на модерните технологии во воените операции овозможи да се постигне значителна брзина и прецизност во процесот на донесување воени одлуки. Во едни вакви констелации, точната, навремена и, пред сè, соодветно заштитена информација, е од огромно значење. Информацијата треба да се заштитува од неовластен пристап или злоупотреба со тоа што истата, во зависност од нејзината содржина, се класифицира со одреден степен на доверливост. За заштита на класифицираната информација се преземаат мерки и активности за персонална, административна, физичка и информатичка безбедност, за да бидат задоволени следните критериуми: доверливост– спречување на неавторизиран пристап до информацијата; интегритет – целовитост на информацијата и нејзина заштита од недозволена модификација; расположливост – се овозможува континуитет на работните процеси и достапност – според принципот „потребно е да знае“.

Компјутерите и интернетот станаа нераздвоен дел од нашиот секојдневен живот. Ги користат поединци, организации, корпорации, држави и општества за да си го олеснат начинот на живеење. Тие се користат за: креирање и за чување информации, процесирање и обработка на податоци, примање и испраќање на пораки, комуникација и управување, контролирање на машини, дизајнирање и слично. Ова е глобален тренд, кој има тенденција за натамошно унапредување и проширување. Предности на интернетот се: лесен пристап и брз проток на информации, вмрежување, мултимедијална средина

Покрај останатите, информатичката безбедност претставува примена на безбедносни мерки за заштита на информациите кои се создаваат, се чуваат или се пренесуваат во комуникациски, информатички или други електронски системи од случајно или намерно губење на доверливоста, интегритетот или достапноста, како и превенција од губење на интегритетот и расположивоста на самите системи. Мерките и активностите на информатичката безбедност што треба да се спроведат од страна на државните органи, организации, институции и други правни и физички лица кои имаат допир со класифицирани информации се пропишани во Уредбата за информатичка безбедност (https://www.dbki.gov.mk/files/pdf_files/Uredba_za_infobez_na_KI.pdf).
Со Уредбата се уредени мерките и активностите за информатичка безбедност кои се однесуваат на: Сертификација на комуникациско-информатичките системи (КИС) и процеси. Сите КИС за процесирање на класифицирани информации треба да го поминат процесот на безбедносна акредитација. Примарната цел на безбедносната акредитација е да се

утврди дали во имплементираниот КИС е постигнато соодветно ниво на заштита на класифицираните информации, како и дека тоа континуирано се одржува во текот на работниот век на КИС. Соодветен сертификат за безбедност на КИС издава Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.
Процена за можно нарушување на безбедноста на КИС. КИС во кои се процесираат класифицирани информации (КИ) ќе бидат предмет на процена и управување со безбедносниот ризик. Извештајот од процената на безбедносниот ризик е дел од безбедносната документација во процесот на безбедносна акредитација на КИС. Процената на ризик, всушност, е процес за определување на безбедносните ризици т.е. заканите и ранливостите на КИС, утврдување на нивната големина и идентификување на областите каде што е потребна заштита или примена на мерки за заштита.
Утврдување на методи и безбедносни процедури за прием, обработка, пренос, чување и архивирање на класифицираните информации во електронска форма. Локациите на КИС во кои се процесираат класифицирани информации се определуваат како безбедносни и административни зони, во согласност со прописите за физичка безбедност на КИ. Во рамките на безбедносните зони се определуваат посебни простории за: електронска обработка на информациите, управување со системот, работа со криптографските средства и клучеви и архива на мемориски медиуми во кои се чуваат КИ. КИС во кои се процесираат КИ треба да имаат компјутерска безбедност, особено за: идентификација на лица кои пристапуваат во системот, контрола и евиденција на пристап до објектите на системот, континуиран запис за состојбата на системот, можност за проучување на безбедносните записи, обезбедување на сигурен начин за означување на степенот на класификација, идентификација на корисникот на отпечатениот, преснимениот, модифицираниот или копираниот документ, евиденција на модифицирање, копирање, преснимување и бришење на КИ по корисници и заштита на важните технички и програмски елементи, системски можности и функционалности на системот.
Заштита на информациите при процесирање и чување во КИС. Се контролираат и се оценуваат сите промени во поширокага, поблиската и електронската средина за безбедност на системот и се преземаат постапки за безбедност и заштита на системот. За одржување на безбедноста и заштитата на системот за време на неговото користење и развој се врши: повремена проверка на системите, на средствата и на преносните мемориски медиуми, запишување на системските податоци во одделни мемориски медиуми, инсталирање на софтвер и конфигурација на системот само од овластени лица и слично.
Продукција на крипто клучеви и друг крипто материјал. Криптографска заштита на комуникациските, информациските и други електронски системи преку кои се подготвуваат, пренесуваат, обработуваат и архивираат класифицирани информации. Класифицираните информации не смее да се пренесуваат преку комуникациски системи надвор од безбедносните зони, без примена на криптографски методи и средства. Со системите за криптозаштита на класифицираните информации се обезбедува: сигурна и заштитена идентификација на корисниците, потврда на автентичноста на испраќачот и примачот на информацијата што треба да се извршат пред почнување на пренос на информацијата, доверливост, интегритет и достапност на информацијата и потврда за прием на информацијата.
Определување на зони и простории заштитени од компромитирачко електромагнетно (ЕМ) зрачење. Системите кои се користат за процесирање на класифицирани информации со степен „ДОВЕРЛИВО" и повисоко се заштитуваат од компромитирачко ЕМ-зрачење.
Инсталирање на уреди за чување на класифицирани информации. Класифицираните информации се чуваат во уреди што се инсталирани од стручни и овластени лица на органите.

*ССВБиР*







# Под знамето на ОН

## Влијанието на пандемијата од COVID-19 врз мировните мисии

Мировните мисии на Организацијата на ОН, и во услови на пандемија на COVID-19 промовираат стабилност и безбедност во некои од најопасните и кревки места во светот

Иако пред прогласување на пандемијата, припадниците на мировните сили на ОН, цивили, војска и полиција, беа „тенка сина линија“ што помагаше да се заштитат цивилите, да се поддржат мировните договори и да се решат конфликтни жаришта и воени зони низ целиот свет. Останува неизвесно колку „сината линија“ ќе остане стабилна со овој дополнителен проблем во исполнувањето на доделените мисии, со понатамошното ширење на COVID-вирусот во земјите кои и така се ослабени од војни и сиромаштија и со натамошно загрозување на животите на илјадници луѓе. Ваквата безбедносна закана по светскиот мир може да ја надмине рамнотежата од кревок мир до конфликти и војни. Општествата кои несигурно заздравуваат од вооружени конфликти, вообичаено живеат на границите на преживување и секојдневно се соочуваат со сиромаштија и недостаток на основни здравствени услуги. Економските и политичките шокови, како резултат на низа мерки преземени во тек на долготрајната пандемија, се закануваат да ги поткопаат државните институции и кревките мировни договори во земјите каде








Одделот за мировни операции при ОН (DPO) предвидува дека оваа година, доколку пандемијата продолжи со ваков интензитет, мировниците на ОН би можеле да се соочат со намалување до 30% на вкупните капацитети за извршување на редовните активности

што дејствуваат мировниците на ОН. Многу е веројатно напорите од страна на мировниците за воспоставување одржлив мир да се соочуваат сé повеќе со ризици од ново насилство. За таквите општества, важноста на помошта од мировниците на ОН никогаш не била поголема.
Иако „сините шлемови“ успеале најдобро што можат да се справат со последиците од ширењето на вирусот SARS-CoV-2, ваквите состојби би можеле да имаат долгорочни последици врз делувањето на ООН, особено на начините како светската јавност ќе реагира на конфликти во иднина. Од друга страна, соочувајќи се со глобалната рецесија, земјите членки на ОН веќе имаат планирано дополнителни заштеди во буџетот за мировни операции, истовремено намалувајќи го финансирањето на низа проекти за спречување вооружени конфликти и градење мир во светски рамки.
Иако досега ниту една мировна мисија на ОН не се соочила со значителна политичка криза во земјата-домаќин предизвикана од присуството и ширењето на COVID-19, почитувањето на мерките кои се однесуваат на пандемијата на вирусот можно е да поттикне нови нестабилности во безбедносно кревките држави. Причина за тоа би биле недостаток на храна и повисоките цени на храната што произлегуваат од ограничувањата поврзани со пандемијата. Појавата на глобалната рецесија, заедно со кратењата на ресурси планирани за помош, многу е веројатно да предизвикаат масовна невработеност и зголемено ниво на јавна недоверба во многу политички и економски нестабилни влади кои се соочуваат со буџетски кратења. Тоа значи дека долгорочните економски и политички последици врз миротворството се чинат посериозни отколку што се чини.
Пандемијата на вирусот ги има принудено планерите на мировните операции на ОН да извршат процена кои од активностите на терен се неопходни за извршување, со цел исполнување на нивните мандати и на кој начин да ги приспособат активностите, со цел минимизирање на ризикот од ширење на вирусот, и меѓусебно и меѓу населението каде се распоредени. На припадниците на мировните сили на ОН им останува обврската за помош во управувањето со ваквите ситуации во земјите каде се распоредени, помагајќи во одржувањето на јавниот ред и мир и помагајќи им на владите и другите чинители во решавањето на споровите, делувајќи ефикасно и во услови на пандемија.
Ваквите дополнителни активности, исто така значат дека мировниците на ОН ангажираат дел од своите ограничени ресурси на спроведување на пропишаните мерки за заштита на здравјето, намалувајќи ја нивната способност за исполнување на другите редовни задачи - патролирање, заштита на цивили и спроведување проекти за зајакнување на локалните власти. Тоа значи дека пред нив се присутни нови, малку познати предизвици. Во тие предизвици би ги додал и појавата и ширењето гласини и кампањи за ширење на вирусот. Пример за ова е ситуацијата во Јужен Судан, каде владините сили, под влијание на вакви дезинформации, поставиле контролни пунктови на неколку локации, за контрола и редуцирање на движењата на припадниците на мировните сили. Ваквите гласини извршиле негативно влијание на околу 150.000 внатрешно раселени лица сместени во кампови на ООН.
Одделот за мировни операции при ОН (DPO) предвидува дека оваа година, доколку пандемијата продолжи со ваков интензитет, мировниците на ОН би можеле да се соочат со намалување до 30% на вкупните капацитети за извршување на редовните активности. Во ваквата процена се вклучени и други фактори – климатските промени, миграцијата и сајбер-криминалот, што неминовно води кон зголемен притисок врз операциите на ОН. „Сините шлемови“ и другите меѓународни актери веќе чувствуваат значителен притисок во обезбедувањето на светскиот мир.

## Претседателските избори во Централноафриканската Република

Притисок се почувствувал и во Централноафриканската Република (ЦАР), земја со огромна површина, со помалку од 5 милиони жители и со политичка криза. Кон крајот на декември 2020г., пред претседателските избори во земјата

и по создавањето на Коалицијата на патриоти за промена – CPC (најголемите антивладини групации со над 10.000 луѓе), антивладините бунтовници зазеле град на околу 300 km од главниот град на земјата, Бангуи. Бунтовниците против (тогаш) актуелниот претседател Faustin-Archange Touadéra, кој се кандидирал за втор мандат, извршиле повеќе напади по отфрлањето неколку претседателски кандидатури (меѓу кои и на поранешниот претседател, главен опонент на Touadéra) од страна на Уставниот суд на ЦАР. Веднаш по ова започнал бран на немири и CPC започнал со насилно раселување на населението во одредени области, така што бил неизбежен воен судир меѓу националната армија на ЦАР и нелегалните вооружени формации. Настанот се случил неколку дена пред претседателските избори, со намера истите да се спречат. Во седмицата пред спроведувањето на гласањето, биле евидентирани околу 60 инциденти на злоупотреба и кршење на човековите права со околу стотина жртви, главно вооружени бунтовници. Имало и бројни напади против хуманитарните работници. За жал, меѓу жртвите на овие вооружени судири биле и тројца мировници од контингентот од Бурунди.
Припадниците на MINUSCA, засилени со 300 мировници од UNMISS од Јужен Судан, им дале огромна поддршка на војската и полицијата на ЦАР во организацијата и спроведувањето на изборите. Во првичната процена на придонесот кон обезбедувањето на гласањето на 27 декември 2020г. од страна на воените и полициските сили од составот на MINUSCA, се нагласува дека поддршката на одбранбените и безбедносните сили на ЦАР била успешна, изборите биле спроведени, и покрај активностите на вооружените групи.

## Дали следат промени?

Гледајќи долгорочно, експертите истакнуваат дека е поголема потребата за посветеност на колективната безбедност, во време на зголемена потреба од финансиска поддршка, единствени капацитети и специфична опрема и во услови на тековната криза. Ваквата ситуација може да иницира политиката на миротворство под знамето на ОН да навлезе во период на одредени промени. Во прилог на ова е и фактот дека веќе пет години по ред се бележи постојан пад на бројот на мировни операции и на „сини шлемови“ распоредени ширум светот.
Ваквото „кратење“ на персоналот најверојатно ќе продолжи. Фактори кои влијаат на ваквите состојби се




| БРОЈ НА ПЕРСОНАЛ | ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014/15 | 2015/16 | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | 2019/20 | 2020/21 |
| Униформиран | 127.335 | 121.154 | 121.768 | 107.059 | 99.269 | 95.734 | 92.724 |
| Цивилен | 22.542 | 21.134 | 19.730 | 18.241 | 15.925 | 14.132 | 13.872 |
| ВКУПНО | 149.877 | 142.288 | 141.498 | 125.300 | 115.194 | 109.866 | 106.596 |

*Преглед на број на мировни операции и авторизиран број на персонал*

и притисоците врз креирањето на буџетските средства планирани за мировни мисии и дејствување во услови на пандемија на вирусот COVID-19. А, токму пропишаните мерки за заштита од од вирусот веќе ја зголемуваат потребата од распоредување мировни контингенти, како во постоечките мисии така и на нови локации ширум светот.
Економските, безбедносните и социјалните ефекти на пандемијата на вирусот веќе предизвикуваат поголема внатрешна нестабилност во и така нестабилните земји. Во актуелните конфликти се инволвирани голем број чинители, различни од оние пред деценија или две: авторитети надвор од државниот апарат, скриена силна поддршка од надворешни „спонзори“, социјални и економски двигатели, како и достапност на новите технологии.
Заради зголемената потреба од мировни напори во светот, планерите во DPO веќе започнале со ревизија на постоечкиот, гломазен



мултидимензионален модел, несоодветен за управување со ваква комплексна низа предизвици. Се започнало со истражувања на нов спектар на мировни операции. Идеите за новите мировни мисии се во насока на активирање на социјалните и економските фактори кои влијаат на спречувањето конфликти во општествата. Со оглед на овие трендови, се разгледува широк спектар на мировни активности во кои не е задолжително вбројување на воена компонента. Ваков модел биле мисиите UNIOGBIS во Гвинеја–Бисао, MINUSTAH во Хаити, регионалната Канцеларија на ОН за Западна Африка UNOWAS и др. Како опција може да послужат и мисии каде неуниформираната полиција извршува клучни полициски функции или кога формираните полициски единици на земјата-домаќин имаат централна улога во реформите.
Во мировните операции со помал обем, оптимални резултати би се постигнале со координација на заеднички активности и партнерство со приватниот сектор, невладини организации, социјални медиуми, подобри разузнавачки капацитети и поголем фокус на политичките процеси.



Заради зголемената потреба од мировни напори во светот, планерите во DPO веќе започнале со ревизија на постоечкиот, гломазен мултидимензионален модел, несоодветен за управување со ваква комплексна низа предизвици. Се започнува со истражувања на нов спектар на мировни операции

## Други опции

DPO дошла до заклучок дека отстапувањето од поголемите мировни мисии би предизвикало големи трошоци. Ова го потврдуваат и искуствата со неодамнешните затворања на UNOCI во Брегот на слоновата коска (2017г.) и UNMIL во Либерија (2018 г.), каде мисиите завршиле по комплетирањето на успешните мировни процеси. За разлика од нив, заминувањето од Дарфур и Конго, денес би создале многу поголеми ризици од појава на насилство. Во Дарфур, новоформираната влада започнала да го менаџира мировниот процес, но резултатите сé уште се далеку од успешни – 3 милиони луѓе сé уште се раселени и претставуваат ранлива категорија. И нестабилната влада на Конго, која сé уште не може да се справи со повеќе од 3 милиони внатрешно раселени лица, се соочува со вооружени групи кои тероризираат во поголем дел од земјата. Обете земји за брзо време би се соочиле со внатрешни вооружени судири.
Имајќи ги сите чинители предвид, DPO ја истакнува неопходноста од координација и соработка на раководствата на мисиите на ОН со специјализираните тимови на теренот, невладиниот сектор и владите на земјите домаќини. Справувањето со последиците од пандемијата преку заеднички напори е единствениот начин да се биде сигурен дека „сините шлемови“ можат да продолжат со извршување на своите основни активности.
Ваквите предизвици очигледно водат кон преформулирање на менаџирањето со кризи од страна на ООН. Понатамошното влијание на пандемијата во каков било облик врз конфликтите, би резултирало со зголемување на потребата од пообемни мировни операции предводени од ОН. На крај, не смее да не се спомнат и финансиските притисоци на економската рецесија врз дефинирањето на сегашните и идни мировни мисии. Од напред наведеното, во иднина, ОН би можеле да се фокусираат на предностите и ефикасноста на механизмите од помал обем, како поволни алтернативи – набљудувачки мисии од помал обем и специјални цивилни политички мисии. Следно би било DPO со земјите-членки на ООН да работат заедно на идентификувањето алатки за менаџирање со кризи кои се финансиски и политички изводливи во услови на понатамошно постоење на COVID-19 или некаков друг вид вирус.

М.С.





# Блокадата на Берлин – почетокот на Студената војна

Капитулацијата на Германија пролетта 1945 година неофицијално означи крај на Втората светска војна, која го доби приматот најголема војна во историјата, однесувајќи со себе од 40.000.000 до 50.000.000 жртви. Иако силите на Алијансата извојуваа победа над силите на Оската, тоа не значеше дека во светот практично завладеа мир. Активностите на сите земји учесници во војната, особено на победничките сили во овој период, се фокусираа на заживување на мирот, репарирање на штетите и демилитаризација и намалување на воените капацитети. Сепак, настаните набргу по завршувањето на војната покажаа дека сите не го доживуваа мирот на ист начин и немаа иста перцепција во врска со активностите што следеа. СССР почна активно и отворено да покажува дека има свои планови во иднината. Во периодот што следеше, она што за западните сили значеше можност за враќање на граѓанинот-војник во цивилство, за Советскиот Сојуз значеше можност за кратка реорганизација, по која следуваше мобилизација и зголемување на воените капацитети, како во внатрешноста така и во неговите сателитски земји. Западните земји на Европа се фокусираа на имплементирање на планот на Џорџ Маршал, кој претставуваше едно од решенијата за обновување на економиите на европските земји, што за СССР не беше прифатливо. Советскиот Сојуз своите приоритети ги покажа со зајакнување на своето влијание во земјите на Источна Европа, со што ги принуди Полска и Чехословачка да го отфрлат Маршаловиот план и продолжи со дејствата за остварување на контрола на владите во комунистичките земји во Европа. Паралелно со водењето на својата индивидуална политика, земјите победнички имаа заедничка одговорност во менаџирањето и повторното заживување на Берлин. Имено, една од одлуките од конференцијата во Јалта, беше Берлин да биде поделен и контролиран од сојузниците, со цел најефикасно да се обнови општествениот елемент и повторно да почне да функционира. Ова, за Советите не беше ни приближно најидеалното решение, што и можеше да се уочи со мерките што ќе се преземат подоцна. Поделбата на Берлин на западен и на источен дел и самиот факт дека овие два дела беа толку блиску еден до друг, а сосема различни во општествено уредување, беше само „трн во око“ за Советите или, како што го опиша поранешниот премиер на СССР Хрушчев, „заглавена коска во советското грло“. Во овој конфузен период, една од работите која беше присутна на политичката сцена и беше доволно јасна, беше токму антагонистичката политичка реторика на СССР и дијаметрално различните остварувања на советските политички цели за кои не е потребно да се спомене дека беа во најмала рака сосема различни од оние на сојузниците од Западот. Најсмелиот политички чекор на ваквата советска реторика, кој покажа дека управувањето со Берлин не е и нема да биде еднообразен и ќе предизвика домино ефект поради различните политики и убедувања на западните и источните победнички во војната, е блокадата на Берлин, извршена утрото на 24 јуни 1948 година. Западните земји беа одлучни во организирањето и самостојното функционирање на западен Берлин.

Она што ги предизвика Советите да го прекинат протокот на сообраќај и снабдување од источен во западен Берлин беше во суштина идејата на западните сојузници да создадат силна Западна Германија со стабилна економска валута – западната германска марка, во која француската, британската и американската окупирана зона на Берлин ќе се соединат. Дознавајќи за оваа идеја, за која се разговараше во Лондон набргу по поделбата на Берлин на окупациони зони, и препознавајќи ја истата како прекршување на одредбите од договорот од Јалта, Советите воведоа своја валута, источна германска марка, на територијата на Источна Германија и воедно го прекинаа протокот на патен, железничи и воден сообраќај на трупи и намирници од својот дел на Берлин. Оваа мерка не значеше само потег за спротивставување на Западот по секоја цена, туку и прекин на сите неопходни добра кои доаѓаа во западен Берлин, што предизвика населението и единиците кои беа распоредени таму, да почнат да се потпираат на своите резерви на храна, електрична енергија, јаглен и останати неопходни намирници за живот.
Новонастанатата ситуација укажуваше дека протокот на сиот земен сообраќај од источен во западен Берлин беше прекинат, но сè уште останаа на сила одредбите од договорите од 1945 година каде на САД и на Велика Британија им беа доверени за контрола три воздушни коридори над Берлин, широки околу 35 километри. Она што мораше да биде преземено од страна на западните сили, а беше очигледно во овој момент, беше отпочнување на операцијата „Снабдување“ (Operation Vittles), што резултираше со масовно снабдување на населението и трупите по воздушен пат во берлинските зони на одговорност на Обединетото Кралство, САД и Франција. Врз основа на донесената одлука на генералот Куртис Лемеј, одговорниот за оваа операција, на 1 јули 1948 ги активирал товарните воздухоплови „C-54“ со капацитет за пренос на товар тежок десет тони, со што официјално почнува снабдувањето на берлинското жителство со намирници за нормализирање на секојдневниот живот.
Берлинското воздушно снабдување кое траеше речиси цела година, изразено во бројки, би резултирало во 321 ден, 272.000 прелети од повеќе од 700 воздухоплови, (меѓу кои околу 100 цивилни авиони) над западен Берлин, со пренесени повеќе од 2,3 милиони тони храна, гориво и други добра, или близу 5000 тони намирници дневно за цивилното население од 2.500.000 жители и дополнително распоредени единици од сојузничките сили. Цената на ова логистичко решение изнесуваше 224 милиони американски долари, но контекстот на случувањата и причината поради која мораше да се пристапи кон ваквото решение беше далеку поскапа, што ќе се покаже во периодот што следеше.
Блокадата на Берлин, освен што претставуваше одговор на идејата за обединување на западните области на Берлин и создавање на силна Западна Германија, воедно имаше цел да предизвика повлекување на сојузничките сили надвор од Берлин, поради недостаток на неопходни снабдувања за нормално функционирање. За западните сили, воздушното снабдување на населението во Берлин претставуваше привремено решение на потегот направен од СССР, кое би траело сè додека не се прекине блокадата и повторно да почне слободниот проток на намирници, сообраќај и население од истокот кон западот и обратно. Додека тоа траеше (до крајот на 1948 и првата половина на 1949 година), западните сили работеа на експлоатирање на научените лекции од оваа ситуација, што резултираше во создавање на силно европско и трансатлантско сојузништво, кое имаше за цел навремено, одлучно и организирано да одговори во случај на ескалација на настаните и евентуална агресија на СССР, но во исто време будно да ја следи состојбата во европските држави и да превенира на можен милитаризам. Така набргу се создаде и Западната унија (подоцна Западноевропската унија), како продукт на Брилселскиот договор од 1948 година, што го означува официјалниот почеток на новото сојузништво на Западот против СССР, а една од главните точки на овој нов военополитички сојуз беше и признавање на Западна Германија како самостојна држава. Западната унија важи за солидна основа за она што во перод од неколку месеци ќе биде наречено НАТО.
На 4 април 1949 година во Вашингтон се потпиша договорот за формирање на Северноатлантската алијанса – НАТО, како организиран одговор на агресивноста и субверзивноста која беше главен епитет на дејствата на СССР во периодот по завршувањето на Втората светска војна. Берлинската блокада, не само што се покажа како неефективна, туку и предизвика контраефект кај првичните замисли на Советите.
Ако до овој период не беа јасни границите на она што се нарекува биполаризам, по создавањето на НАТО, многу јасно се вцрта линијата на „железната завеса“. Со самото организирање на овој сојуз, се исклучи потребата западните сили да чекаат на следните потези на СССР, а во исто време и Москва ова го дочека со еден вид оправдување на својата политика, па веќе во мај 1949 година ја прекина блокадата на Берлин и ја зајакна својата власт во Источна Германија. Од овој момент па натаму, односите помеѓу западните, прозападните, источните и происточните сили значително ќе почнат да заладуваат, тензиите да растат, а секој политички потег да се хиперболизира и да добива етикета на можен тригер за агресија од другата страна. Оттука, многумина ќе ја препознаат берлинската блокада како јасен почеток на посилните антагонистички односи помеѓу Истокот и Западот, а воедно и како почетокот на она што денес го знаеме како Студената војна.



м-р Бојан Миклош



# ВОЕНИТЕ МУЗЕИ
# на германските вооружени сили

Германија има неколку воени музеи и воени утврдувања кои сведочат за историјата, но без сомнение двата најголеми и најпосетени музеи се: Воздухопловниот музеј во Берлин и Музејот на воената историја во Дрезден. Двата музеи се дел од секторот на воените музеи на германските Вооружени сили, кои се дел од структурата на вооружените сили на Германија.

Музејот на воената историја своите почетоци ги има од 1897 година кога за прв пат објектот е користен како оружарница и музеј на Кралската саксонска армија. Во периодот од 1897 година до 1989 година музејот е преименуван неколку пати. Во 1938 година е преименуван во Нацистички воен музеј, а од 1972 година до 1989 година е користен како Источногермански воен музеј. Во 1989 година, после обединувањето на Источна и Западна Германија, музејот е затворен со цел да се увиди како овој музеј би се вклопил во новонастанатата состојба на државата. После 6-годишно реновирање, во 2011 година музејот е повторно пуштен во употреба и станува главен музеј на вооружените сили на Германија. Музејот располага со простор од 14.000 метри квадратни во рамките на музејот и дополнителни 20.000 метри квадратни надворешен изложбен простор, што го прави овој музеј да биде најголем во Германија. Самиот музеј е фокусиран на два аспекти, едниот е човечкиот аспект кон војната т.е не се глорифицира војната или армиите туку се презентираат причините и последиците на војната. Вториот аспект е технолошкиот развој на германската воена технологија презентирана низ низа на експонати. Музејот својата специфичност ја изразува уште пред да се влезе во него. Неговата градба е мешавина на новото-модерното и старото-класичното. Дизајнот на надворешноста на музејот е дело на полско-американскиот архитект Daniel Libeskind, кој за ова свое дело има добиено две високи архитектонски награди. Самата прошетка низ музејот може да се реализира низ тематски целини или по хронолошки ред. Музејот нуди 11 тематски тури и три хронолошки целини од 1300-1914 г., од 1914-1945 г. и од 1945 година до денес. Тематските тури кои се изложени во музејот се: музиката и војската, војната и сеќавањата, модата и војската, политиката и користењето на воената сила, јазикот и војската, војната и играта, животните во војската, војната и страдањата, технологијата и војската, заштитата и уништувањето. Секоја од овие тематски тури на свој начин дава поглед на војната и на нејзиното влијание на секојдневниот живот.

Делот од музејот посветен на аспектот на технолошкиот развој на германската воена технологија е поделен на три пододделенија, и тоа: габаритна опрема и вооружување, опрема и макети и модели во размер. Музејот има колекција од околу 7500 парчиња на огнено оружје кое вклучува пиштоли од различни калибри, пушки и митралези, од кои добаа дел се од саксонското време, како и неколку експериментални и уникатни парчиња на револвери и пиштоли. Оваа колекција е најважниот сегмент во музејот. Покрај огненото вооружување изложени се и ладни орудија кои вбројуваат 1700 сабји, 1100 бајонети и  околу 800 различни видови на бодежи. Униформите кои се изложени во музејот исто така се дел од музејската поставка и претставуваат репрезент за развојот на армијата и нејзината способност. Колекцијата брои околу 70.000 парчиња на униформа кои датираат од доцниот 19 век па сè до денес. Покрај изложените делови од униформи има и голема колекција на амблеми и одбележја од германската војска, како и од сојузниците. Во склоп на постојаните поставки на музејот се изложени и околу 800 возила, од кои поголемиот дел се изложени во надворешниот дел на музејот, а другиот во самиот музеј. Покрај овие експонати во музејот е изложена голема колекција на документи и слики, меѓу кои се и оригинален примерок на книгата „За војната“ од Клаузевиц итн.

Влезницата за влез во музејот за возрасни лица изнесува 7 евра, додека за

студенти и пензионери 3 евра. За лицата со инвалидитет, помали од 18 години и воени лица влезот во музејот е бесплатен. Работното време на музејот е секој ден од 10.00 до 18.00 часот. Со оглед на големината на музејот и што има да се види потребно е околу 4-5 часа за целосно разгледување на истиот. Овој музеј е по многу нешта несекојдневен и вреди да се посети.

Воздухопловниот музеј на германските вооружени сили е сместен во Берлин, на поранешниот аеродромот на „Luftwaffe", а подоцна на кралското воено воздухопловсто именуван како „Gatow". Овој музеј е огранок на воените музеи на германските вооружени сили.

Аеродромот на кој е сместен музејот е изграден во 1934 година и во почетокот бил користен како како центар за обука за воздухопловството на Третиот рајх. Во април 1945 г. истиот е заземен од страна на руските сили, но со поделбата на Берлин на источен и западен, аеродромот потпаѓа во делот на Обединетото Кралство и РАФ воспоставува своја воздухопловна база. Во 1994 година аеродромот е предаден на германските вооружени сили, а започнувајќи од 1995 година, истиот се користи како воен музеј. Своите почетоци Воздухопловниот музеј ги има во 1957 година, кога на аеродромот „Uetersen" е собрана колекција на воздухоплови и опрема, по што во 1995 година истиот е префрлен во „Gatow". Музејот располага со две кратки писти кои се користат за отворени изложби и големи настани, каде на простор од околу еден милион метри квадратни се изложуваат од 60 до 70 воздухоплови, главно од периодот на Студената војна. Од вкупно девет хангари кои ги има на аеродромот, контролната кула и два хангари се користат за експонати, додека еден е наменет за реставрација и три како магацини. Останатите хангари се реновираат и замислата е по завршувањето на реновирањето да бидат искористени како изложбен простор.

Музејот со своите постојани поставки го појаснува развојот на германската авијација, но воедно се осрвнува и на разликите помеѓу источните и западните воздухопловства. Музејот во својата колекција брои околу 160 воздухоплови, 5000 униформи и делови од опрема, голем број на документи и фотографии, противвоздушни системи и радари, помошни возила користени во военото воздухопловство итн.

Во хангарот бр 3 се распоредени воздухоплови, хеликоптери кои ја опишуваат историјата на германското воздухопловство од 1884 година. Повеќето од постарите воздухоплови кои се изложени се реплики во вградени оргинални делови. Карактеристични авиони кои се изложени во овој хангар се: „DFS 230", „Farman III", „Fokker D VII" (F), „Messerschmitt Me 163" и други. Покрај експонатите, поставени се текстуални натписи со краток опис и карактеристики за секој изложен воздухоплов. Контролната кула, исто така е искористена за изложба на експонати, со тоа што во овој дел од музејот доминираат документи, униформи, ознаки, фотографии и две кабини на авиони, и тоа од „МИГ- 21" и „Ф-4". Посетителите на музејот може да се искачат на скалите и да ја погледнат внатрешноста на овие два авиони. Хангарот број 7 на околу 2000 метри квадратни го изложува развојот на германската авијација во периодот на Студената војна. Воедно во овој хангар се изложени и противвоздушни системи, хеликоптери и авиони од НАТО алијансата, како и опрема од западно потекло која била користена од страна на ДДР. Дел од изложените авиони во овој дел се: „McDonnell Douglas F-4F Phantom II", „Panavia Tornado IDS", „Cessna T-37B", „Mikoyan-Gurevich MiG-29G" и многу други. На надворешниот дел од музејот има поставено околу 70 експонати во кои има поголем број на воздухоплови од периодот на Студената војна, неколку системи за противвоздушна борба, помошни возила итн. Идејните планови се овие експонати да бидат сместени во преостанатите хангари затоа што поради надворешното влијание многу од експонатите се во лоша состојба.

Музејот е отворен секој ден од вторник до недела, започнувајќи од 10.00 до 18.00 часот. Музејот е затворен за време на државни празници. Влезот во музејот е слободен т.е. без наплата. Една од предностите на овој музеј е можноста да се видат различни видови на воздухоплови од источно и западно потекло и да се направи споредба на развојот на авијацијата.

Златко Блажески







# АВГАНИСТАН, гробница на империи

Територијата на која се протега денешен Авганистан е позната како „гробница на империи“, популарна по тоа што отсекогаш била тешка за управување. Ова се должи првенствено на фактот што се работи за крајно децентрализирани групи кои никогаш не тежнееле кон формирање на заеднички ентитет под една власт

Авганистанците никогаш не се потчиниле на централизирана власт, особено не на туѓа. За ова во голема мера придонела сложената географска положба на земјата. Планините низ кои се протегаат канализирани патишта се идеален терен за герилско војување, без оглед на алатките за војување. Илјадници години овој метод успешно ги одбивал обидите за окупација на добро организирани војски и обидите некој да воспостави целосна контрола на земјата.

По Втората светска војна, СССР се обидувал да ја шири комунистичката идеологија насекаде. Биле поддржани повеќе револуционерни движења во Африка и во Јужна Америка, но од посебен геополитички интерес бил Авганистан со кој се граничел.

Во 1965 година во Авганистан била формирана Народна демократска партија со комунистичка идеологија.

Со цел Авганистан да тргне по патот на комунизмот, во април 1978 година тие ја





презеле власта со крвав државен удар во кој го убиле тогашниот претседател. Обидот за национализација на обработливата земја бил првиот момент што предизвикал револт и за помалку од една година речиси сите провинции биле во војна со централната власт. Вториот момент била самата идеологија на новата власт, која населението ја сметало за антиисламска. Религијата била единствената заедничка работа околу која можело да се организираат бројните бунтовнички фракции. Бунтовниците станаа познати во историјата како муџахедини.
Во 1979 година СССР започнал со упатување на воени сили и средства за да ѝ помогне на владата во Кабул да им се спротивстави на бунтовниците. Советскиот оперативен концепт во Авганистан содржел 6 задачи: 1.стабилизација на земјата со контрола на главните линии на комуникација, градови, аеродроми и логистички бази; 2.преземање на обезбедувањето на базите и критичните точки од авганистанската војска за тие да се ангажираат во противбунтовничка борба; 3.давање на логистичка, воздушна и разузнавачка поддршка на авганистанската војска; 4.минимален контакт со цивилното население; 5.прифаќање на минимални жртви; и 6.градење на капацитетите на авганистанската војска за советската војска да може да се повлече од Авганистан откако бунтовниците ќе бидат победени. Меѓутоа, во Авганистан, СССР интервенирал со очекување дека тоа ќе биде слично на интервенцијата во Унгарија и Чехословачка. За време на Студената војна советската доктрина се подготвувала за војна од висок интензитет и употреба на нуклеарно оружје. Во обидот да ја поддржи комунистичката влада на Авганистан, советската војска се соочила со сосема друга клима и терен за разлика од онаа за која планирала во Европа. Исто така, се соочиле со многу тврдоглав противник, луѓе родени и пораснати во војна, планинско-пустински герилци кои немаат што да изгубат и затоа се борат до крај. Билансот на жртви на советска страна бил околу 15.000 убиени и преку 50.000 ранети војници. Биле изгубени преку 100 авиони, 300 хеликоптери, 140 тенкови, 1.300 оклопни возила, 400 артилериски орудија и 11.000 камиони. Се смета дека неуспехот на СССР во Авганистан во 1980-тите години во голема мера придонел за веќе постоечката ерозија на доверба во функционалноста на советското уредување.
Во интервенцијата главна улога имале специјалните сили и падобранските единици кои заземале аеродроми, комуникации, клучен терен и стратегиски објекти низ земјата. Авганистанската војска уште од самиот почеток не одговорила соодветно на бунтовништвото. Иљадници цивили биле убиени како колатерална штета, што придонело не само за зголемување на отпорот, туку и дезертирање на цели воени единици. Се покажало дека ниту Советите не биле правилно подготвени за противбунтовништво. Во февруари 1980 година, откако крваво го задушиле отпорот во Кабул со многу цивилни жртви како колатерална штета, драстично се зголемил степенот на дезертирање и бунт на цели единици во авганистанската војска. Имало повеќе случаи кога владините сили ненадејно се вртеле против советските војници кои брзо научиле дека во Авганистан се безбедни само во големи групи. Првичната противбунтовничка тактика на советските сили било чистење

Првичната противбунтовничка тактика на советските сили било чистење на теренот со големи механизирани единици и уништување на храната за да се изгладнат бунтовниците. Биле расфрлани противпешадиски мини на плодното земјиште за луѓето да не го обработуваат. Изгладнување на населението како противбунтовничка тактика била честа практика во минатото, но во 80-тите години од дваесеттиот век тоа било очигледно кршење на Женевските конвенции



на теренот со големи механизирани единици и уништување на храната за да се изгладнат бунтовниците. Биле расфрлани противпешадиски мини на плодното земјиште за луѓето да не го обработуваат. Изгладнување на населението како противбунтовничка тактика била честа практика во минатото, но во 80-тите години од дваесетиот век тоа било очигледно кршење на Женевските конвенции. Голем број на бегалци го напуштиле Авганистан и заминале во соседниот Пакистан. Колку повеќе се зголемувал бројот на бегалски кампови, толку повеќе се зголемувале критиките на меѓународната заедница (поради интервенцијата на СССР во Авганистан, 65 држави ги бојкотирале летните олимписки игри одржани во Москва во 1980 година). Основниот принцип во противбунтовништвото - „освојување на срцата и умовите“ воопшто не бил земен предвид. Советската доктрина влечела искуства од брзо задушување на контрареволуционерните движења како во Унгарија и Чехословачка. Меѓутоа, во Авганистан се соочиле со друг профил на луѓе.
Од самиот почеток советските сили трпеле значителни загуби што ги фрустрирало да се свртат кон честа употреба на воздушни напади. Иако теренот бил непошумен и видливоста добра, употребата на авиони и хеликоптери немало одлучувачки успех. Тоа било сведено на одмаздннчки напади откако муџахедините би нападнале. Советските конвои се движеле во големи формации, но тоа не ги спречувало муџахедините да не ги напаѓаат. Наместо да ги обезбедат клучните точки на теренот кој надвишувал, Советите се одлучувале на поедноставно решение и со артилерија ги поклопувале сомнителните делови околу маршрутите. Исто така, правеле „насилно извидување“, што подразбирало отворање на оган на потенцијални позиции, со надеж дека таму се подготвува заседа. Ова било сè освен противбунтовништво. Иако слабо вооружени, муџахедините ја имале иницијативата од самиот почеток, и ги натерале советските сили да употребуваат неселективни одмазднички напади во кои жртви биле цивилите.
Следна тактика која Советите ја пробале биле големи чистења на теренот со оган и движење. Првично имале успеси, но земјата била преголема за долгорочно да има резултати. Веќе од 1984 година советските трупи исто како и владините сили биле под опсада во нивните бази. Ова ги натерало малку да се поместат од статус „кво“ во нивното сфаќање на противбунтовничка борба. Од тој момент започнале масовно да применуваат хеликоптерски десанти во длабочина на територијата со ненадејни напади и заземање на клучен терен долж рутите низ кои требало да поминуваат конвои. Муџахедините на ова одговориле типично како и за секое бунтовништво, во судир со посилен противник избегнувале борба и се мешале со цивилното население. Бунтовништвото е војна на исцрпување, а високо обучените десантни единици почнале полека да кулминираат.
Во 1985 година Кабул бил под опсада со чести ракетни напади, прекини на струја и вознемирување на конвоите кои излегувале и влегувале во градот. Обидот да се обезбеди Кабул не само што ги трошело советските сили, туку и целосно ги



Следна тактика која Советите ја пробале биле големи чистења на теренот со оган и движење. Првично имале успеси, но земјата била преголема за долгорочно да има резултати. Веќе од 1984 година советските трупи исто како и владините сили биле под опсада во нивните бази. Ова ги натерало малку да се поместат од „статус кво“ во нивното сфаќање на противбунтовничка борба



дефокусирало од противничкиот центар на гравитација, а тоа биле самите муџахедини. Од друга страна, се чинело дека единствено за што Советите интервенирале е да ја чуваат авганистанската влада во главниот град. Иницијативата била целосно на страната на бунтовништвото. Бил направен неуспешен обид да се затвори границата со Пакистан, од каде што муџахедините добивале помош од Запад. Советските сили ниту можеле да ја блокираат границата, ниту да го обезбедат градот, ниту конвоите со луѓе и средства кои се движеле низ земјата. Муџахедините уште повеќе ги фрустрирале Советите да се одмаздуваат врз населението, со што само се зголемувал бројот на борци и бегалци во Пакистан.
Почеток на крајот за Советите биле противавионските ракети „Стингер“ кои муџахедините ги добиле од САД преку пакистанската граница. Губење на воздухоплови имало големо психолошко влијание врз советската команда. Значително била осуетена воздушната поддршка која конвоите претходно ја имале, како и хеликоптерските десанти на специјалните сили. Движењето по копно било небезбедно од самиот почеток, но „стингерите“ направиле Советите да не бидат безбедни ниту по воздушен пат. Ова било голем удар за Москва и веќе од 1986 година почнало да се размислува за напуштање на Авганистан. Една од стратегиите на владеење на СССР било „раздели па владеј“. Меѓутоа, во Авганистан општеството веќе било племенски поделено. Единствено заедничката религија се покажала како цврст „лепак“ што ги поврзувал фракциите против заеднички непријател. Другата значителна негативна лекција била слична на американската во Виетнам – централизирана и бирократска оперативна вештина. Имено, на советската команда во Кабул не ѝ било оставено да ги донесува одлуките без надзор од Москва. Дури и кога имало тактички успех на боиштето, тоа не било преточено да ја поддржи стратегијата, и обратно, стратегијата не била правилно преведена во тактички задачи.
Во 1987 година веќе било јасно дека владата во Кабул нема шанса да ги победи бунтовниците. Авганистанската војска претрпела сериозни загуби во луѓе и техника, а во текот на годината дезертирале преку десет илјади војници.
Предноста на муџахедините нагло се зголемила со примена на „стингерите“ кои имале над 50%. И претходно Советите губеле воздухоплови, но само во 1987 година изгубиле преку 150. Ефикасноста на „стингерите“ била толку голема што била донесена одлука да се повлечат издвоените бази за да не се ризикуваат хеликоптери за нивно снабдување. Нападите врз Кабул зачестиле со минофрлачи и ракети, така што биле уништувани воздухоплови и на аеродромите на земја. Целосно повлечени во базите, советската команда кон крајот на 1987 година ја извела последната голема воздушно-десантна операција за пробивање на комуникацијата кон градот Хост кој бил под опсада од почетокот на војната. Операцијата била прогласена за успешна, но откако советските сили се повлекле, муџахедините повторно го пресекле градот и авганистанската војска повторно се нашла под опсада. Оваа операција се смета за реклама во Москва, дека советската војска може да победува но, всушност, значело почеток на повлекувањето од земјата. Последната советска единица го напуштила Авганистан во февруари 1989 година.
Во принцип, противбунтовништвото треба да започне воено, а да заврши политички. Бидејќи Советите не успеале да најдат политичко решение и авганистанската влада во текот на цела војна била нестабилна со меѓусебни превирања, тие сè повеќе се потпирале на воено решение кое историски се покажало како неуспешно. Колку повеќе се зголемувал воениот притисок, се зголемувал и бројот на муџахедини, бројот на дезертери од редовите на владините сили, бројот на цивилни жртви и критиките на меѓународната заедница. Советите ја изгубиле војната во Авганистан, иако победувале во битките, исто како што Американците ја изгубиле војната во Виетнам, иако победувале во битките.
Иако советската војска ја развила современата оперативна вештина уште пред Втората светска војна, таа не била тестирана во делот на противбунтовнички операции. Основни единици за борба биле моторизирани баталјони, кои не биле ниту наменети ниту обучени за противбунтовништво. Единствена светла точка во стратегијата била инфилтрација на планински, падобрански и специјални единици со хеликоптерски десанти. Но, еднаш заземената територија требало да се обезбеди, а тоа било невозможно. Во ниеден момент советската и авганистанската војска не контролирале повеќе од 25% од територијата на земјата. Присуството се ограничило на градовите, додека руралните предели од каде што извирале муџахедините не биле заземени ниту контролирани.

Ѓорѓи Вељовски

> Почеток на крајот за Советите биле противавионските ракети „Стингер“ кои муџахедините ги добиле од САД преку пакистанската граница. Губењето на воздухоплови имало големо психолошко влијание врз советската команда. Значително била осуетена воздушната поддршка која конвоите претходно ја имале, како и хеликоптерските десанти на специјалните сили





# Александар Трајковиќ
## Скок во небеската бездна

Воениот воздухопловен „штит“ имал значајна улога во воените случувања и во одбраната на земјите учеснички во воени судири. Токму поради тоа, военото воздухопловство континуирано било збогатувано со дополнителни активности и содржини. Секако, во прв ред секогаш биле авионите, но покрај нив биле развивани и други содржини, како падобранските активности, техничките и оружарски надградби, навигациска опрема и ред друго.
На самите почетоци, падобранските активности или скокови биле насочени првенствено кон создавање можност за спасување на пилотите во случај на онеспособување или оштетување на авионот со кој се управува. Во овој напис ќе потсетам на првиот, односно на првите падобрански скокови на нашава територија, во период во кој падобраните сè уште биле во експериментална фаза.
Во историјата на македонската авијатика, како дел од некогашната Кралска држава, Александар (Арсо) Трајковиќ е запишан како еден од оние кои го направиле првиот падобрански скок во Скопје, а со тоа, прв падобрански скок и на целиов овој простор. Трајковиќ бил роден во 1904 год. во с. Жбевац, недалеку од Прешево и Куманово, а од раната младост, речиси целиот свој живот, го поминал во Скопје.
Историски, просторот на нашава денешна македонска држава бил во состав на некогашното Кралство СХС, подоцна преименувано во Кралство Југославија. По завршувањето на Втората светска војна се стекнал со своја територијална засебност именувана како Демократска Република Македонија, а потоа Народна Република Македонија.Од 1963 г. таа ќе биде Социјалистичка Република Македонија во состав на Социјалистичка Федеративна Република Југославија. По распадот на СФР Југославија во 1991 г., овој ист простор преминува во Република Македонија како независна, самостојна и суверена држава. Во таквите историски настани, овој простор, секогаш имал и своја иминентна историја, култура, посебност и свој сопствен развој.
Александар Трајковиќ, трагајќи по сопствена независност и егзистенција, уште од својата осумнаесетгодишна возраст се вработил како работник во приватна столарската работилница во околината на Прешево. Бидејќи ја сакал техниката и учењето, не бил задоволен со ваквиот ангажман, па настојувал да се вработи на посоодветно работно место. Така, во текот на 1924 г., врз основа на своите знаења и квалификации, на конкурс, се вработил како помошно цивилно лице во тогашната кралската војска, на „службување“ (работно ангажирање) во Куманово. Истакнувајќи се со своите знаења и вештини набргу бил префрлен на тогашниот воен аеродром во Скопје. При вработувањето тој добил и службена „објава“ со ограничено времетраење, во улога на вработен „дневничар“ (на дневница) во служба на Кралското воено воздухопловство. На почетокот бил распореден на задачи кои спаѓале во делокругот на помошниот персонал, а подоцна бил префрлен и во аеропланското одделение.
Со негов личен ангажман, одобрена преквалификација и унапредување во службата, Александар добил и чин резервен поднаредник-извидувач во Кралската воена авијација.
Осврнувајќи се конкретно на „врвот“ на неговиот воздухопловен историски подвиг, паѓа во очи датумот 3 октомври 1926 г. Тој ден Александар Трајковиќ, на своја дваесет и двегодишна возраст, го направил првиот падобрански скок на некогашниот аеродром во

Скопје. Скокот го направил како воен поднаредник, учесник на големиот аеромитинг одржан на истиот аеродром. Александар на овој аеромитинг скокнал четврт по ред, од височина од 2000 метри. Куриозитет на овој настан е и тоа што петти по ред скокнал и скопјанецот Константин Арсиќ, граѓанин - цивил, жител на Скопје.

Сами по себе овие падобрански скокови имаат посебно историско значење, не само за Скопје, туку и пошироко. Причината е едноставна. Се работело за период кога падобраните биле уште во експериментална фаза и кога со нив најчесто биле фрлани вреќи со песок или биле користени во крајни случаи за спасување на пилотите при поголема неисправност или тешко оштетување на авионот. Според моите истражувања, овие падобрански скокови спаѓаат во групата на првите петнаесетина скокови на просторот на целата тогашна држава.

На истиот аеромитинг учествувале и многубројни воени авиони, како и единствениот авион во сопственост на Обласниот одбор на аероклубот „Наша крила“ во Скопје. Овде, посетителите, за прв пат виделе „лет на грб“, ниско летање во т.н. бришечки лет, лупинг и низа други аероплански акробации. Според пишувањето на тогашните дневни весниците, посебно на весникот „Време“, аеромитингот бил исклучително значаен настан на кој присуствувала над десетиљадна публика. За тоа време ова претставувала импозантна бројка.

Листајќи ги историските белешки за падобрански скокови во овој период, тие биле изведувани без посебни долготрајни подготовки.

Нив ги изведувале луѓе од воениот воздухопловство, пилоти, извидувачи, навигатори и слично, следејќи ги само напишаните упатства на производителот на соодветниот падобран. Секако, за остварување на тие падобрански скокови била потребна огромна желба, но и особена храброст. Александар Трајковиќ ги имал и едното и другото.

Подоцна, тој како вработен во 3. воздухопловен полк во Скопје, според некои документи повторно скокнал и во текот на 1927 година.

Следните години Трајковиќ работел во техничката работилница на 3. воен воздухопловен полк на аеродромот во Скопје. Таму го дочекал и непријателскиот напад од фашистичка Германија во 1941 г., при кој биле уништени голем дел од авионите лоцирани на овој простор.

Од тука тргнувале и неговите воени патешествија. Со помош на британските сојузнички сили, воздухопловните кадри од просторот на Ражановска Коса (крај Куманово), од аеродромот во Скопје и аеродромот во Струмица, биле префрлени кон Битола, а од таму во Грција. Потоа патот ги однел





во Египет. Меѓу овие воздухопловни кадри бил и самиот Трајковиќ, кој преку интернираната југословенска команда во Каиро бил ангажиран и во активностите на британското воено воздухопловство. Притоа бил дошколуван и се стекнал со лична квалификација за авиомеханичар. Кон крајот на 1944 г. Александар е вратен во Скопје, каде го дочекал крајот на Втората светска војна. Повторно бил вработен во 3. воен воздухопловен полк, но овојпат во новоформираната Демократска, а потоа и Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) и создадена Република Македонија, во нејзин состав. Во текот на 1957 г. бил префрлен на работа во касарната во Ѓорче Петров, каде кон крајот на педесеттите години бил пензиониран. Починал во Скопје во 1968 година.

На крајот ќе кажам дека беа потребни долги години истражување да се откријат документите и доказите за делата на Александар Трајковиќ. Мал дел од нив можат да се пронајдат низ тогашните весници и архиви, а благодарејќи на неговиот внук, Ивица Здравески, поголем дел од документите и фотографиите ја видоа „светлината на денот“. И покрај значајниот подвиг, Александар Трајковиќ не доби соодветен историски белег во развојот на југословенското и македонското падобранство. Александар Трајковиќ зад себе остави дела, но и свое потомство во кое продолжи да живее љубовта кон воздухопловството. Неговото дело го продолжи постариот син Владимир Трајковиќ, кој беше и остана дел од македонската воздухопловна историја, покрај другото, и како прв пилот на првиот македонски полициски хеликоптер.

Едноставно, легендите за таткото и синот Трајковиќ оставија свој белег за богатото македонското воздухопловно небо.

Ѓорѓи Чачкиров








# Свечено одбележан Денот на Првата пешадиска бригада

На 2 Април, со пригодна свеченост во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец беше одбележан Денот на Првата пешадиска бригада. Првата пешадиска бригада е главна борбена сила на Армијата на Република Северна Македонија која обезбедува готови сили за заштита и поддршка на националните интереси и дава поддршка на цивилното население при природни катастрофи, епидемии и други непогоди, а надвор од територијата на Републиката со декларираните единици учествува во операциите за поддршка на мирот, со што ги исполнува меѓународните воени обврски

Во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец по повод Денот на Бригадата, свои обраќања имаа министерката за одбрана Радмила Шекеринска, НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и командантот на Бригадата, бригаден генерал Бесник Емини. Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во своето обраќање пред стројот на единиците на 1.пбр, честитајќи го празникот, им одаде признание на припадниците на 1.пбр за професионализмот, квалитетот и резултатите при извршување на задачите, притоа напоменувајќи дека граѓаните и државното раководство ги препознаваат овие резултати. „Во периодот кој следува, рече генералот Ѓурчиновски, Бригадата ја очекуваат бројни задачи, меѓу кои и продолжување на асистенцијата на МВР во справување со мигрантската криза и обезбедување на јужната и дел од северната граница, асистирање на институциите во справувањето со пандемијата предизвикана од КОВИД-19, како и интензивни вежбовни активности и обука, за што изразувам уверување дека, како и досега, ќе бидат извршени успешно“. Министерката за одбрана Радмила Шекеринска истакна: „Ако Армијата е едно тело, тогаш вие сте срцето, па и ‘рбетот на тој организам. Вие сте јадрото, без кое тој организам не може да постои и не може да ја покаже својата сила и својата виталност. Несебично им помагавте и им помагате на своите колеги и во здравството и во полицијата. Бевте и сè уште сте на границите. Спречивте, само во минатата година, 1400 обиди



за илегално поминување на границата. Затоа, вчера, Владата повторно донесе одлука со која се прогласува кризна состојба на нашата јужна и северна граница“. Шекеринска се осврна и на тоа дека улогата на Првата пешадиска бригада е клучна и за нашето членство во НАТО, потенцирајќи дека Баталјонот се обучува според највисоките стандарди, притоа спомена дека припадниците на оваа бригада се препознатливи и по НАТО мировните операции во Авганистан, па и претходно во Ирак. Командантот на 1.пбр, бригаден генерал Бесник Емини, истакна дека Армијата е столб кој значи безбедност, сигурност и стабилност за граѓаните, порачувајќи им на припадниците на Бригадата да бидат трпеливи, издржливи и господари на својата професија, правејќи сè што е потребно за да се биде во висина на задачите. Осврнувајќи се на задачите и активностите кои ѝ претстојат на Бригадата, командантот истакна дека дадената доверба од военото раководство, токму Првата бригада да биде носител на декларираните состави кои ќе се оценуваат, ќе биде оправдана во целост и ќе биде симболот преку кој ќе се препознае нашата одбранбена сила во НАТО.

На свеченоста, покрај министерката за одбрана Радмила Шекеринска и НГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, присуствуваа и ЗМО Башким Хасани, ЗНГШ генерал-мајор Азим Нуредин, директорот на ГШ, генерал-мајор Зоран Милески, командантот на КО, генерал-мајор Павле Арсоски, генералите на Армијата, претставници од Кабинетот на Претседателот, високи гости од МО и команданти на командите и единиците. По повод Денот на единицата, на припадниците на Првата пешадиска бригада.им беа доделени стимулативни мерки за постигнатите резултати.




# „Curtiss P-40 Warhawk“

Авионот „Curtiss P-40 Warhawk” најчесто бил препознатлив по нацртаните заби на страничните моторни панели. Неговите карактеристики на летање биле далеку послаби од карактеристиките на авионот „P-38 Lightning” кој, исто така, бил во конкуренција за добивање дозвола за масовно производство. Но, цената, едноставната изработка и одржувањето биле доволни причини за одобрување на производството на авионот „P-40”, во период кога американските воени сили биле очајни за авион-ловец. Биле произведени вкупно 13.738 воздухоплови. Авионот „P-40” претставувал корен на американските воздухопловни сили, особено во почетокот на војната. Покрај појавата на познатите и помодерни ловци и ловци-бомбардери како „P-47 Thunderbolt” и „P-51 Mustang”, „P-40” достојно го одржувал својот корисен статус низ текот на војната, сè до 1944 година кога неговото производство било запрено. Прототипот на овој легендарен авион бил именуван „XP-40” и го забележал својот прв лет на 14 октомври 1938 година, само една година пред почетокот на Втората светска војна. Според потребите, компанијата „Curtiss” гарантирала дека новиот авион ќе биде способен да развива максимална брзина од 579 километри на час. Прототипот не можел да ја постигне гарантираната брзина, па затоа следела

По нападот на Перл Харбор и влегувањето на Соединетите Американски Држави во Втората светска војна, најбројниот воздухоплов што американските воздухопловни сили го имале на располагање бил „Curtiss P-40 Warhawk”

серија на модификации која траела неколку месеци, која резултирала со способност за развивање на брзина од 589 километри на час, на висина од 4500 метри. Најзабележителната промена во серијата на модификации била промената на локацијата на радијаторот. Тој бил лоциран под носот, односно под моторот на авионот. Во 1939 година, „XP-40” бил победник на армиското натпреварување на авиони-ловци. Во натпреварувањето биле вклучени „Lockheed XP-38 Lightning”, „Bell XP-39 Aircobra”, „Republic AP-



4", „Curtiss XP-37" и „Hawk 75R". Од сите наведени ловци, авионот „XP-38" демонстрирал најдобри резултати и перфроманси. На големи висини тој бил подобар во своите летачки карактеристики од авионот „XP-40". Авионот, исто така, бил и вооружен со тежок арсенал од четири митралези со калибар од 12,7 милиметри и еден топ со калибар од 20 милиметри. Но, едноставнот начин на изработка на „XP-40" значел и минимално временско одложување за производство.
Исто така, воздухопловот бил со ниска цена за производство, која изнесувала 24.566.60 долари по авион. Едноставноста, ниската цена и итната потреба од ловец, биле главните причини за доделување на договор на компанијата „Curtiss" за започнување на призводство на 524 „P-40" авиони. Оваа нарачка била најголема од страна на армијата за авион со намена на ловец. Последната нарачка од ваква големина била спроведена во 1918 година. Прототипот на „P-40" бил вооружен со еден митралез со калибар од 12,7 милиметри и еден митралез со калибар од 7,62 милиметри, лоцирани над моторот. Ова вооружување било стандардно во американските воздухопловни сили во 1930-тите години. За разлика од прототипот, моделот кој бил наменет за оперативна употреба и масновно производство, бил вооружен со два митралези со калибар од 12,7 милиметри. Оваа одлука била во согласност со политиката на американскиот претседател Френклин Делано Рузвелт за достапоност на сојузниците на САД до секој вид нова и модерна воена технологија. Според наведеното, 140 авиони „P-40" биле наменети за Франција, но пратката не се реализирала бидејќи Франција капитулирала и авионите биле пренасочени кон Велика Британија. Набрзо Британците заклучиле дека авионот не е достоен за борба против германското "Luftwaffe". Авионот немал самозапечатувачки резервоари и немал дополнителен оклоп кој го штити пилотот, па затоа Британците го користеле за тактичко–извидувачка намена. Како резултат од военото искуство во Европа, компанијата „Curtiss" одлучила да инсталира дополнителен оклоп на авионот, делумно самозапечатувачки резервоари и разни комбинации на вооружување. Наведените модификации на подобрување биле причина за појавата на многу варијанти од овој воздухоплов. Способностите на „P-40" се карактеризирале со ригидност и агилност на ниска и средна висина, додека на големи висини авионот немал доволно моќ за добри перфоманси. Неговиот тесен лак на маневрирање при висока брзина, бил еден од најдобрите во раниот период од војната. Авионот бил способен за надминување на скоро сите непријателски авиони при маневри на тесно вртење под голема брзина на африканскиот и рускиот сектор (Советскиот Сојуз располагал со пратки на „P-40" од САД). Во пацифичкиот сектор, авионот бил надминат во маневрирање, односно вртење под тесен лак при ниски брзини од јапонските „A6M Zero" и „Ki-43". Раните модели на „P-40" билде придвижувани од моторот „Alison V-1710", кој развивал 1040 коњски сили. Подоцнежните варијанти биле опремени со помоќен „Alison" мотор кој развивал 1200 коњски сили, како и моторот „Packard Merlin", кој развивал 1400 коњски сили. Авионот располагал со слаба стапка на искачување, но неговата брзина при „нуркање", односно летање во насока кон земјата била одлична. Ригидноста на авионот надополнувала за недостатоците, додека конструкцијата толерирала секакви сурови климатски услови. Авионот имал цврсто изградени крила и бил едноставен за одржување во теренски услови. Тој, исто така, бил способен за претрпување на голема штета без да се сруши. Варијантите на „P-40" кои се појавиле во втората половина на војната биле опремени со дополнителен оклоп, сегмент кој овозможувал директен напад „во чело" со јапонските противници. Оперативниот опсег на авионот во раниот период од војната бил добар, но инфериорен од авионите кои биле активни на пацифичкиот сектор: „A6M Zero", „Ki – 43" и "P-38". Тој имал подобар оперативен дострел од авионите кои биле активни во европскиот сектор: „Supermarine Spitfire" и „Messerchmitt Bf-109". Покрај скромниот дизајн и просечните карактеристики на овој воздухоплов, неговиот статус на легендарен авион бил заслужен. Тој




| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „CURTISS P-40E" | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1 |
| ДОЛЖИНА | 9.66 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 11.36 метри |
| ВИСИНА | 3.25 метри |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 21.9 квадратни метри |
| МОТОР | Линиски клипен мотор со течно ладење, кој имал 12 цилиндри (V-12) „Allison V 1710-39". Моторот имал способност да развие 1240 коњски сили. |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 538 километри на час, на висина од 4.600 метри |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 1.152 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 8.900 метри |
| СТАПКА НА ИСКАЧУВАЊЕ | Достигнува висина од 4.600 метри за период од 6 минути и 15 секунди |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Шест митралези „M2 Browning" со калибар од 12,7 милиметри со 235 куршуми по митралез Бомби: Максимална носивост од 110 до 910 килограми на бомби, распоредени на три носачи, еден лоциран под трупот и два лоцирани под крилата |




бил употребуван речиси на секое бојно поле во Втората светска војна. Имено, славните нацртани заби од ајкула на страничните моторни панели на авионот, потекнувале од 112. ескадрила на Кралското воено воздухопловство. Персоналот на ескадрилата бил инспириран од големите моторни панели кои го обликуваат радијаторот на авонот „P-40" и забите од ајкула кои биле нацртани на носот на заробен германски „Bf -110" од 76. ескадрила на тешки ловци од германското „Luftwaffe". Подоцна, американската група на доброволци (славните „летачки тигри") која служела во Кина, го прифатиле и го примениле славниот цртеж.
Со развојот на варијантите, покрај примарната улога на ловец, „P-40" интензивно бил употребуван и како ловец-бомбардер.

Прототип варијантата „XP-40", која била конвертирана од постоечката воздушна конструкција на авионот „P-36A" ѕвезда" и моторот на авионот „P-36A", била заменета со нов мотор „Alison V 1710-19". Вооружувањето се состоело од два митралези со калибар од 12,7 милиметри. Оваа варијанта била речиси идентична на прототипот „XP-40". Разликата била во новиот мотор „Alison V 1710-33s", кој развивал 1040 коњски сили. Овој авион ретко бил во активна употреба бидејќи немал соодветно вооружување и заштитен оклоп. Вооружувањето се состоело од два митралези со калибар од 12,7 милиметри лоцирани на носот и два митралези со калибар 7,62 милиметри лоцирани во крилата. Варијантата „P-40A" била опремена со фотокамери лоцирани во задниот дел од трупот. Варијантата „P-40B" се карактеризирала со дополнителен оклоп во пилотската кабина, додека вооружувањето се состоело од два митралези со калибар од 12,7 милиметри лоцирани на носот и четири митралези со калибар од 7,62 милиметри лоцирани во крилата. Покрај модификациите во „B" варијантата, моделот „P-40C" бил развиен со самозапечатувачки резервоари. Вооружувањето останало исто, со додавање на вградени носачи за надворешен резервоар и бомби. Варијнтата „P-40D" била опремена со нов поголем мотор и нејзината воздушна конструкција била потенка. Пилотската кабина била со нов дизајн и митралезите кои биле лоцирани на носот биле отстранети. Вооружувањето се состоело од четири митралези со калибар од 12,7 милиметри. Карактеристично за „P-40E" варијантата биле модификациите за развој на помоќен мотор и надградбата во составот на вооружувањето кое се состоело од шест митралези со калибар од 12,7 милиметри. Варијантата „P-40F/L била опремена со мотор „Packard V – 1650 Merlin", кој на поголеми висини демонстрирал подобри перформанси од моторот „Alison". Употребата на новиот мотор го отстранил отворот на врвот на носот на авионот, кој бил наменет за карбураторот. Покрај промената на моторот, L-варијантата била и со продолжена воздушна констуркција. Варијантата „P-40G била наменета главно за извоз во Советскиот Сојуз. Варијантата „P-40K" била практично „P-40L" со мотор "Allison". Отворот за карбураторот на врвот на носот бил повторно вграден, биле додадени подвижни отвори на панелите на моторот, односно панелите на радијаторот. Воздушната конструкција помеѓу опашот и трупот била поврзана со дополнителен остар дел. Варијантата „P-40M" се карактеризирала со мотор „Allison V – 1710 – 81" и со мали промени во воздушната констуркција. Варијантата „P-40N" била последна која била наменета за масовно производство. Промените во варијантата „N" биле во намалувањето на вооружувањето (вооружувањето се состоело од четири митралези со калибар од 12,7 милиметри), со цел да се постигне подобра стапка на искачување. Карактеристично за оваа варијанта биле модификациите кои се случувале на терен, најчесто за потребите на намената на ловец-бомбардер. Варијантата „P-40R" била наменета за тренажен процес. Варијантата „RP-40" била наменета за извидувачка намена. „TP-40" е двосед варијанта која била наменета за тренажен процес.



Димитар Даневски


1 ГОД
СЕВЕРНА МАКЕД


ДИНА
ДОНИЈА ВО НАТО
#НИЕСМЕНАТО

# Израелски пиштол „Jericho 941F“

Пиштолот „Jericho 941F“ се карактеризира со одличен кавалитет на производство и завршна обработка, одличен ергономски дизајн, лесен начин на расклопување и одржување, добра прецизност, лесно достапни команди, голема издржливост и сигурност. Создавањето на пиштолот „Jericho 941F“ е реализирано во соработка помеѓу компанијата „Israel Military Industries“ и италијанската компанија „Tanfoglio“, а е базиран на светски познатиот пиштол „CZ75“. Бројките од ознаката „Jericho 941F“ се доделени бидејќи првите верзии се произведувани и продавани со два сета за конверзија во 2 калибри за муницијата 9x19 mm „Parabellum и .41 Action Express“. „Jericho 941F“ припаѓа на групата полуавтоматски оружја. Пиштолот користи модифициран механизам на Browning- бравење, односно поседува принцип на работа со кратко повлекување на цевката, а забравувањето се остварува со вертикално осцилирање на цевката, кога цевката со своите два горни навои навлегува во двете вдлабнатини на навлаката. Пиштолот поседува DA или SA механизам на дејство. Се користи при борбени дејства на мали далечини до 60 m, а најдобите резултати со него се постигнуваат до далечина од 35 m. Навлаката и рамот од пиштолот се изработени од многу квалитетен челик, со прецизна обработка со машинско глодање, а нивната заштитата се остварува со паркеризација, но постојат и хромирани верзии. Спојот помеѓу рамот и навлаката се изведува преку шини кои се протегаат преку целата нивна должина, што придонесува за поголема прецизност на пиштолот. На навлаката се поставени предниот и задниот механички нишан (ниски борбени), со можност за корекција по правец и на нив се поставени три бели трициумски точки наменети за нишанење при слаба видливост. Првите верзии на пиштолот не поседуваат индикатор на куршум во цевката, но на поновите верзии е вграден индикатор и е поставен на горниот дел од навлаката, веднаш зад отворот за исфлување на чаурата/ куршумот. Лостот за расклопување на пиштолот (утврдувачот на навлаката), мануелната кочница и копчето за ослободување на рамката за муниција се поставени од левата страна на рамот. Оваа верзија после бројот 941 ја поседува буквата „F“. Развиена е и верзија на која, на крајот од навлаката, од двете бочни страни ѝ се поставени лостови кои имаат двојна улога, како мануелна кочница и декокер, давајќи можност за полесно ракување со пиштолот. Оваа верзија после бројот 941 ја поседува буквата „R“. Сите лостови на управувачките команди од пиштолот се изработени ергономски и се лесно достапни, овозможувајќи лесно ракување со десната или со левата рака. Инаку, при испукување на последниот куршум, навлаката останува во задна положба. Првата верзија на пиштолот на долниот преден дел од рамот не поседува шина, но следејќи ги современите светски трендови на поновата верзија, изработена е picantinny-шина MIL-STD 1913. Облогите на ракофатот стандарно се изработуваат од тенок, анатомски обликуван и многу издржлив полимер. Стандардната рамка за муниција е дворедна, со капацитет од 16 куршуми, а на нејзините бочни страни се направени мали кружни отвори, со цел лесно утврдување на бројната состојба на куршумите. Стандардно, цевката се изработува со ладно ковање, а внатрешно е полигонална, што ѝ дава голема издржливост, прецизност и многу мала потреба за одржување. Цевката поседува 6 жлебови со десен чекор на ротација од 254 mm. Но, постои и верзија која поседува цевка со класично внатрешно режење.
Главни делови на пиштолот се: рам, чкрапало со механизмот за чкрапање, навлака со преден и заден механички нишан и затворач со ударна игла, цевка, повратна пружина и водиште на повратната пружина и рамка за муниција. Расклопувањето на пиштолот за чистење е мошне едноставно и се изведува без алат. Од пиштолот „Jericho 941F“ е развиена цела фамилија на верзии и подверзии изработени со челичен или полимерски рам со 3 различни величини, и тоа во следните калибри: 9×19 mm Parabellum, 40 S&W, .41 Action Express и .45 ACP. Со челичен рам се изработени верзиите: 941 F, 941 R, 941 FS, 941 RS, 941 FB и 941 RB, додека со полимерски рам се изработени верзиите: 941 PL, 941 RPL, 941 PSL, 941 RPSL, 941 FBL и 941 RBL. Различни верзиите од пиштолот „Jericho“ се користат во над 10 држави, како дел од полицијата или армијата.

Ивица Дамески








1. Преден механички нишан
2. Цевка со калибар од 9 mm
3. Навлака
4. Жлебови за бравење помеѓу цевката и навлаката
5. Отвор за исфрлување на куршумот/ чаурата
6. Ударна игла
7. Повратна пружина на ударната игла
8. Заден механички нишан
9. Удирач (на ударна игла)
10. Лост на кочницата
11. Механизам на чкрапалото и удирачот
12. Носач/ потпорник на главната пружина за удирачот




**13.** Пружина за потребите на удирачот
**14.** Чаура за носачот/ потпорник на главната пружина за удирачот
**15.** Рамка за муниција
**16.** Ракофат
**17.** Копче од механизмот за утврдување/ ослободување на рамката за муниција
**18.** Лост од утврдувачот помеѓу рамката и навлаката
**19.** Чкрапало
**20.** Штитник на чкрапалото
**21.** Рам
**22.** Водиште со повратна пружина

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАТЕРИСТИКИ НА „JERICHO 941F“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР/МУНИЦИЈА | 9 mm / 9x19 mm Parabellum |
| ДОЛЖИНА | 207 mm |
| ВИСОЧИНА | 138 mm |
| ШИРОЧИНА | 35 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 112 mm |
| ДОЛЖИНА НА НИШАНСКАТА ЛИНИЈА | 154 mm |
| ТЕЖИНА БЕЗ РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 1050 gr |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗНА РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 90 gr |
| ТЕЖИНА НА ПОЛНА РАМКА ЗА МУНИЦИЈА | 280 gr |
| КАПАЦИТЕТ НА РАМКАТА ЗА МУНИЦИЈА | 16 куршуми |
| ЕФЕКТИВНА СТРЕЛБА | до 60 m |



# Авион „Grumman A-6 Intruder“

Авионот „Grumman A-6 Intruder“ е од постарата генерација, развиен во доцните 1950-ти и раните 1960-ти години како замена за претходникот „Douglas A-1 Skyraider“ и како одговор на барањето издадено од морнарицата на Соединетите Држави за напаѓачки авион, базиран за операции од носач на авиони. Морнарицата издала прелиминарни барања во 1955 година за потреби од авион кој ќе биде способен да го погоди непријателот во секое време, базиран за оперирање во сите временски услови. Како одговор на побарувањето, вкупно 11 предлози за дизајн биле доставени од осум познати компании, вклучувајќи ги: „Bell“, „Boeing“, „Douglas“, „Grumman“, „Lockheed Martin“, „North American“ и „Vought“. После анализа и процена на понудите, во 1958 година американската морнарица го објавила изборот на овој тип. Првиот лет прототипот го реализирал на 19 април 1960 година. Во тој период, „Grumman A-6 Intruder“ имал развиено меѓусебно поврзана авионика со поделен обемот на работа помеѓу пилотот и офицерот за вооружување, кои седеле еден до друг. Покрај конвенционална муниција, авионот бил компатибилен за носење и употреба на нуклеарно вооружување со кое располагала морнарицата.

Авионот „Grumman A-6 Intruder“ повеќе од 30 години бил во служба во морнарицата и маринскиот корпус на Соединетите Држави, а помеѓу 1963 и 1997 година, во употреба се воведени повеќе варијанти од овој тип на авион. Еден од нив е развиениот специјализиран дериват за електронско војување, познат како „EA-6B Prowler“. Бил распореден за време на разни прекуокеански конфликти, вклучувајќи ги Виетнамската и Заливската војна. Бројни модели и варијанти се произлезени до 1993 година, односно приближно 1.000 модели на „Grumman A-6 Intruder“. После неговото пензионирање, оваа мисија првично била преземена од познатиот воздухоплов „Grumman F-14 Tomcat“.

## Развој и дизајн

Општо земено, искуствата со тестирање



летови на првично развиените прототипови на „Grumman A-6 Intruder“ биле позитивни. Еден поголем проблем бил појавен со воздушните сопирачки на авионот и недостаток поврзан со управувањето. После направените понатамошни модификации проблемот бил надминат преку поставување сопирачки на крилата на авионот. Имало разлики во однос на производството на еден прототип и производството на сериски воздухоплов. На пример, била присутна голема разлика помеѓу прототиповите и сериските авиони во дизајнот на воздушните млазници, кои првично биле дизајнирани да се вртат во позиција надолу, олеснувајќи ги пократките полетувања и слетувања. Кај прототиповите била инсталирана оваа можност, но таа била елиминирана од дизајнот за време на тестирањето на летот која се покажала како недоследна за понатамошна употреба.

Раните оперативни искуства утврдиле дека леталото наметнува многу големи побарувања за одржување, особено во азискиот театар на операции. Развојот на програмата за подобрување на сигурноста и перформансите на пакетот за авионика на А-6, отстранила многу недоследности. Искуството и воени барања кои биле итно покренати за време на Виетнамската војна, довело до развој на повеќе варијанти (А-6С, КА-6D, ЕА-6В и А-6Е), а секоја варијанта била надоградена со посебна опрема специјализирана за одредена намена и војување. Варијантите можеле да откријат, да идентификуваат, да следат и да уништуваат тактички цели во кое било време од денот и ноќта. Со текот на времето биле воведени и другите подобрувања за флотата, вклучително GPS-приемници, нови компјутери и радарски комплети, поефикасни мотори, како и зголемена компатибилност со разни видови ракети и вооружување. Крилата биле дизајнирани со цел да се обезбеди ефикасно маневрирање, дури и при голем товар од бомби и останато вооружување. Овој воздухоплов бил опремен да носи и да лансира нуклеарно оружје заради можно изведување на планираните нуклеарни мисии. Авионот „Grumman A-6 Intruder“ имал софистицирана авионика, со висок степен на интеграција. За да му помогне на пилотот во идентификувањето и изолирањето на дефектите на опремата, биле додадени системи за автоматска дијагностика, кои првично се воведени во употреба во вид на компјутерски базирана аналитичка опрема развиена за авионите во тоа време.

## Оперативна употреба

За прв пат во реални воени услови авионите биле употребени за време на Виетнамската војна. Големиот долет и капацитетот за товар на авионот (8.200 килограми), заедно со неговата способност да лета во секое време, го направиле непроценлив за време на војната. Но, неговиот типичен профил на мисија со летање ниско за да го испорача својот товар на непријателот, го правел особено ранлив на противвоздушен оган. Во текот на осум години користење во Виетнамската војна, американската морнарица и американскиот марински корпус изгубиле вкупно 84 парчиња од авионите „А-6“, разни серии. Во подоцнежните години авионите биле користени за поддршка на други операции, како што се мултинационалните сили во Либан во 1983 година, а во 1986 година делувале од носачите на авиони за време на бомбардирањето на Либија (Operation El Dorado Canyon).

За време на Заливската војна во 1991 година, американската морнарица и американскиот марински корпус со „А-6“ извршиле повеќе од 4.700 борбени летови, притоа обезбедувајќи блиска воздушна поддршка, уништување на непријателска воздушна одбрана, напаѓање на ирачки поморски единици и напад на други стратешки цели. Американската морнарица управувала со воздухопловите од повеќе носачи на авиони: „Saratoga“, „John F. Kennedy“, „Midway“, „Ranger“, „America“ и „Theodore Roosevelt“. Тие, исто така, биле примарна ударна платформа на американската морнарица за доставување ласерски водени бомби. После Заливската војна, „Grumman A-6 Intruder“ се користел за патролирање во зоната на забранети летови во Ирак, обезбедувал воздушна поддршка за американските маринци во Сомалија итн. Последниот авион „А-6Е“ ја напуштил службата на американскиот марински корпус на 28 април 1993 година. Еден дел од другите варијанти единствено имале цел намалување на трошоците во американската морнарица, како и воведување во служба на нови, посовремени модели.

Драган Павловски




Развиен и произведен од авионската компанија „Grumman Aerospace“ за потребите на морнарицата и маринскиот корпус, моделот „Grumman A-6 Intruder“ е американски авион за напаѓање цели во сите временски услови од денот и ноќта






# „EAGLE“

## Семејство на возила на компанијата „MOWAG GDELS“

Со големо искуство и борбено докажани, семејството возила на „EAGLE“ е интероперабилно во НАТО и служи во разни вооружени сили. Нуди голема носивост и голема заштитена внатрешност покрај флексибилниот простор за оптоварување на задниот дел од возилото. Во зависност од улогата на мисијата, достапни се верзии 4x4 или 6x6

Борбените операции во денешно време побаруваат поголемо ниво на преживување и капацитет отколку оние што претходно ги обезбедуваа лесните оклопни возила. Армиите претходно мораа да користат возила со прекумерна тежина во категоријата на тежина од 12-20.000 кг, што резултираше со значителни компромиси во подвижноста и тактичката флексибилност. Компанијата „European Dynamics European Land Systems“ е лидер и го предводи одговорот на новите побарувања за тактичко возило со помала тежина, со зголемена заштита и капацитет и пониски логистички трошоци со лансирањето на следната генерација „EAGLE“ на „EUROSATORY 2010“, лесното оклопно возило, транспортер на тркала „EAGLE V“. Оваа нова следна генерација на возила ги задржува клучните карактеристики на постојниот „EAGLE“ во употреба што го направи претпочитано лесно тактичко возило на најсложените потрошувачи на борбена техника во Европа. Овие карактеристики вклучуваат мал потпис и маса, голема надежност и сигурност во сите опкружувања и вонредни теренски перформанси.

„MOWAG Eagle IV“ беше развиен како приватен потфат. До 2005 година беа завршени вкупно 3 прототипови. „Eagle IV“ ја следи линијата на возила MOWAG, Eagle I, II и III. Сепак, станува збор за лесно заштитено возило, наместо за оклопно извидничко возило или извидничко возило. Тоа е многу поголемо од неговите претходници. Претходните возила се засноваа на шасијата на возилото HMMWV 4x4. Возилото „Eagle IV“ се базира на шасијата на возилото „MOWAG DURO III“. Данска беше првиот клиент на „Eagle IV“. Вкупно 90 возила беа нарачани да ги исполнуваат условите за оклопно патролно возило. Испораките за данската армија започнаа во 2006 година. Ова возило, исто така е во употреба во Германија (околу 500 возила).

„Eagle IV“ е погоден за патролни, комуникациски и набљудувачки мисии. Оклопот на „Eagle IV“ штити од оклопно-пробојни куршуми 7,62x39 мм, како и заштита од шрапнели од артилериски гранати. Возилото ја има подобрено заштитата од мини. Издржува експлозија на противтенковски мини од 6 кг под кое било тркало. Како опција се предлага системот за заштита на NBC. Стандардите на преживувања на возилата „Eagle“ обезбедуваат докажана заштита од мини, импровизирани експлозивни направи и балистичка заштита, што претходно се обезбедуваше само со возила со двојно поголема тежина од нивната. Овие достигнувања во преживувањето и способноста

се постигнати без да се загрозат мобилноста или сигурноста. На „Eagle IV“ може да се постави далечинско управувана вооружена станица поставена на кровот, вооружена со митралези 7,62 или 12,7 мм. Алтернативно, може да биде опремен со автоматски фрлач на гранати од 40 мм. Некои возила се опремени со фрлачи на димни гранати. Ова лесно заштитено возило обезбедува седишта за возачот и четири војници. Исто така, има носивост од 2400 кг. Може да влече и лесни приколки или лесни артилериски парчиња.
„Eagle IV“ се базира на шасијата на возилото „MOWAG DURO III“ (DUrable and RObust). Возилото се напојува со „Cummins ISBe 5.9-liter“ турбо-дизел мотор, развивајќи 250 КС. Има постојан погон на сите четири тркала. Ова оклопно возило е опремено со гуми со вметнати Run Flat-инсерти, додека системот за централна автоматска регулација на притисокот во гумите (CTIS) е опционален.
„MOWAG Eagle IV“ беше предложен во неколку варијанти, вклучително и оклопна амбуланта. Понатамошниот развој на „MOWAG Eagle IV“ е поновиот „Eagle V“, кој е достапен во конфигурации 4x4 и 6x6. Верзијата 4x4 јавно е откриена во 2010 година, додека во 2012 година следуваше верзијата 6x6. Тој е подобро заштитен и може да носи поголема носивост. По воведувањето на „Eagle V“ постариот „Eagle IV“ се продаваше уште некое време потоа.
Верзијата 6x6 главно е насочена на побарувањата и потребите на австралиската армија.
Во 2013 година германската армија нарача 176 заштитени командни возила „Eagle V 4x4“. Во 2020 година Германија нарача уште 80 „Eagle V“ со 6x6 конфигурација како блиндирани амбуланти. Во 2017 година Данска нарача вкупно 36 „Eagle V“ во 4 различни конфигурации, вклучувајќи патролни, извидувачки, за електронско војување и возила за поддршка. Овие беа планирани да бидат доставени во 2018/2019 година. Швајцарското Министерство за одбрана ги нарача овие возила само во 2019 година. Вкупно 100 возила „Eagle V“ 6x6, конфигурирани како оклопни извиднички возила, беа нарачани за швајцарската војска. Во 2020 година Министерството за одбрана на Швајцарија нарача уште 57 „Eagle V“ за испорака во 2021-2022 година. Вкупно 56 парчиња беа конфигурирани како патролно возило, а едно беше опремено за извидувачки улоги. Новото возило има поголема носивост и зголемена заштита во споредба со претходникот. Семејството „Eagle V“




„Eagle IV“ е погоден за патролни, комуникациски и набљудувачки мисии. Оклопот на „Eagle IV“ штити од оклопно-пробојни куршуми 7,62x39 мм, како и заштита од шрапнели од артилериски гранати. Возилото ја има подобрено заштитата од мини. Издржува експлозија на противтенковски мини од 6 кг под кое било тркало. Како опција се предлага системот за заштита на NBC

има приближно 80% заедништво помеѓу верзиите 4x4 и 6x6. Возилото, исто така, користи компоненти на претходниот „Eagle IV“и тактичкиот камион „DURO IIIP“. Овие разновидни заштитени возила можат да бидат приспособени за да исполнуваат различни барања за мисија, како што се корисни (utility), транспорт на војска/товар, патрола, извидување, командување и контрола, медицински, набљудување и така натаму.
„Eagle V“ е подобро заштитен од претходниот „Eagle IV“. Може да се постави дополнителен модуларен оклоп за постигнување на повисоко ниво на заштита. Модуларниот оклоп е изработен од челик и композитен материјал. Се тврди дека „Eagle V“ има заштита од мини како возилата од класа MRAP. Возилото има двоен труп во форма на „V“ за да се минимизира пенетрацијата на експлозијата на мини. Внатрешноста е опремена со





заштитени седишта од мина (blast-absorbing). Возилото „Eagle V“ може да биде опремено со далечински управувана вооружена станица за самоодбрана, вооружена со митралези 7,62 или 12,7 мм. или со автоматски фрлач на гранати од 40 мм. Во верзијата 4х4 се сместени возачот и од 3 до 5 војници. Постои и карго-верзија со двосед кабина. Има капацитет на носивост од 3,3 до 3,6 тони. Во верзијата 6х6 е сместен возачот плус околу 14 војници. Може да носи носивост од 6,5 до 6,9 тони. Верзијата 6х6 може да носи стандардни палети на НАТО. Сите возила „MOWAG Eagle V“, двете верзии 4х4 и 6х6 се напојуваат од истиот Cummins ISB 6.7 E3 245 турбо дизел-мотор, притоа развивајќи 245 КС. И покрај тој мотор, 6х6 обезбедува малку поголем вртежен момент. Моторот е поврзан со автоматска трансмисија со 5 степени на пренос „Алисон“. Возилото има постојан погон на сите четири тркала. Оклопното возило е опремено со гуми со вметнати Run Flat-инсерти како стандард системот за централна автоматска регулација на притисокот во гумите (CTIS). Витлото за самоизвлекување е опционално. Возилото „Eagle V“ може да биде транспортирано по воздушен пат со хеликоптер „CH-47 Chinook“ или тактички карго авион „C-130 Hercules“. Ова исклучително тактичко возило почна да се произведува од 2005 година и се произведува сè до денес во деривати, 4×4, 6×6, сите со исто тело, овозможувајќи широко приспособување за секој клиент, од моторот до главното вооружување, како и евтино одржување. Тоа навистина е претворено во повеќенаменско возило, лесен оклопен транспортер, санитетско возило, товарно возило, командно и контролно возило или возило за електронско војување, возило за огнена поддршка, внатрешна безбедност и слично.
Компанијата „MOWAG“ (Motorwagenfabrik AG) е основана во 1950 година во Којцлинген како компанија за автомобили, во приватна сопственост на инженерот Волтер Руф. Наскоро беше позната по своите специјализирани 4×4 камиони, а веќе се здоби со договор за швајцарската и германската армија со „Mowag T1 4×4“ во 1953 година. Но, со текот на времето, опсегот брзо се прошири, компанијата почна да произведува и амбулантни возила, противпожарни возила, електрични возила, скутери и друго.
Денес, корисници на фамилијата повеќенаменски оклопни возила „Eagle“ се земји од Европа, меѓу кои и членки на НАТО (Германија и Данска) а со поголем број на нарачани возила секако е Швајцарија. Поддршка низ целиот животен век, висока достапност на системот, леснотија на одржување, ниска цена на животниот циклус и континуирано подобрување врз основа на повратните информации од клиентите, се дел од карактеристиките на интегрираната логистичка поддршка.
Оператори на овие оклопни возила, „Mowag Eagle“ се Швајцарија, со вкупно 329 „EAGLE“ I II III, познати уште како и „Aufklärungsfahrzeug 93“ и „Aufklärungsfahrzeug 97“, 120 „EAGLE III“ (артилериски набљудувачки возила), 5 „EAGLE IV“, 100 возила „EAGLE V“, Данска со 36 „EAGLE I“, 90 „EAGLE IV“, 36 „EAGLE V“ и Германија 505 „EAGLE IV“, 176 „EAGLE V“ 4x4 и 80 „EAGLE V“ 6x6.
Компанијата „GDELS“, во која е вклучена и швајцарската „Mowag“, се искачи на светскиот врв на производители на борбени возила. Според експертите од оваа област, иднината на овие возила во наредните години е загарантирана, а за нивната популарност сведочи и сè поголемата заинтересираност на поголем број земји кои со нив сакаат да ги опремат своите вооружени сили.

Идриз Идризоски

| СПЕЦИФИКАЦИИТЕ НА EAGLE V ВЕРЗИЈАТА 4X4 | |
|---|---|
| ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | Швајцарија |
| ВЛЕЗЕНИ ВО СЛУЖБА | 2013 година |
| КОНФИГУРАЦИЈА | 4x4 |
| МЕСТА ЗА СЕДЕЊЕ | 1+3 |
| ТЕЖИНА | 7-10 t |
| НОСИВОСТ | 3,3/3,6 t |
| ДОЛЖИНА | 5,4 m |
| ШИРОЧИНА | 2,2 m |
| ВИСИНА | 2,32 m |
| ВООРУЖУВАЊЕ | CROWS with MG 7,62 mm, 12,7 mm or ATGM 40 mm |
| МОТОР | Cummins ISB 6.7 E3 245 diesel, Allison transmission 2500 SP |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 700 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 110 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 40% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0,4 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 0,5 m |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1,2 m |



# Вештачката интелигенција навлегува во армиите

Бенифитите од вештачката интелигенција во Армијата можат да се согледаат во однос на подобра идентификација на заканата, намалени побарувања за вработените, подобро регрутирање, поголема подготвеност, подобрена компјутерска безбедност, полесен превоз. Во тек е истражување на вештачката интелигенција во областа на разузнавањето, логистиката, сајбер-операциите, инфомативните операции, командувањето и контролата во различни полуавтономни и автономни возила. Вештачката интелигенција е веќе вградена во воени операции во Сирија и во Ирак. Сепак, најголемиот развоен дел на вештачката интелигенција се случува во комерцијалниот сектор и од тие причини ќе треба доста да се менува за да се приспособи во процесот на одбраната. Многу комерцијални апликации ќе мора да бидат подложени на значителни модификации пред да бидат комплетно функционални за војската. Некои комерцијални компании за вештачка интелигенција не сакаат да соработуваат со оделот за одбрана поради етички проблеми и поради тоа во иднина може да има отпор на инкорпорирање на вештачка интелигенција во постојните системи и процеси во одбраната.
Потенцијалните меѓународни ривали на пазарот за вештачка интелигенција создаваат притисок. САД се натпреварува за иновативни воени апликации, американската војска веќе интегрирала вештачка интелигенција во Сирија и во Ирак за идентификување на бунтовничките цели. Кина е водечки конкурент во овој поглед и примарно е фокусирана на користење на вештачка интелигенција за донесување на побрзи и поинформирани одлуки, како и на развој на различни автономни воени возила, додека Русија е активна во воената вештачка интелигенција со примарен фокус на роботиката.

> Вештачката интелигенција е брзорастечко поле на технологија со потенцијално значење за националната безбедност. Поради тоа САД и други нации развиваат вештачка интелигенција за низа воени функции

Интересен податок е дека американската војска тестира „паметни очила" за кучиња кои ќе трагаат по експлозиви. Технологијата е развиена од компанијата „Command Site" во рамките на лабораторијата за истражување на армијата на САД. Воените кучиња се обучени да бараат експлозиви и ризични уреди, но им требаат упатства за тоа. Со овие очила тие можат да добиваат упатства од безбедно растојание за некоја личност. Во досегашната практика војниците обично упатуваат кучиња со рачни сигнали или ласер, но и во двата случаи потребно е обучувачот да биде во близина. Доколку овој прототип со вештачка интелигенција влезе во поширока примена, нема да има потреба од тоа, објави армијата. Внатре во очилата, кучињата гледаат одреден знак дека го следат и што ги води директно кон целта. За тоа време тренерот го гледа истото на екранот како и кучето – преку камерата во очилата. „Вештачката интелигенција ќе се користи за команди и знаци, а не дека кучето ќе зборува како човек", вели д-р Стефан Ли, научник од лабораторијата за истражување на армијата на САД. Комплетите очила се специјално дизајнирани за секое куче и тие им даваат визуелни индикатори со кои можат да се движат кон целта и да реагираат на сигналите што ги добиваат. Носењето на очила не е ново за кучињата – воените кучиња се обучени да ги носат како заштита од лоши услови но системот за виртуелна реалност е нов. Основачот на страницата „Команда", д-р Пепер, изјави дека „проектот сè уште е во „почетната фаза на истражување, но раните резултати се исклучително ветувачки".

м-р Зорица Стојкова



# Влечна хаубица „М119А3“ 105 мм

Карактеристиките на М119А3 овозможуваат да биде влечена скоро од сите типови на лесни теренски возила 4x4. Може да биде транспортирана со подигање со хеликоптер со специјален сет на опрема за врзување и фиксирање со хеликоптерите „CH-47 Chinook“ и „UH-60 Black Hawk“. Во случај на потреба од авионски транспорт, габаритот на хаубицата овозможува да се сместат и да се транспортираат повеќе хаубици во внатрешноста на транспортниот авион. Бројот на хаубици кои се транспортираат во авионот зависи од типот на авионот и во просек се движи од 4 – 8 хаубици. Хаубицата е дизајнирана и да може да се исфрли од авион со помош на падобран, без притоа да се користат посебни додатоци за амортизирање при падот и допирот со земја.

**Историја на хаубицата**

Хаубицата за прв пат била дизајнирана и произведена од „British Royal Ordnance Factories“ како „L118“. За прв пат „L118“ влегла во оперативна употреба во 1976 година во британската армија.

Влечната хаубица „М119А3“ 105 мм е во суштина модификација на британската верзија „L118“ 105 мм и може да се поистовети со истата. На почетокот и во првичната изведба и верзија-називот „М119“ е само американска апелација за британската хаубица, но во текот на подоцнежниот развој и надоградувања, американската „М119“ добива многу пософистицирани надградби, како во делот на механичките и хидрауличните склопови така и во делот на софтверските надградби



Најмногу била употребувана за време на Фокландската војна каде 30 орудија во текот на еден ден истрелувале и до 400 проектили по орудие на ден. Подоцна „L118“ била надоградена во варијанта „L119“ за да одговори на стандардите на НАТО и САД за да може да користи и да истрелува компатибилни НАТО/САД полусоединети проектили 105 мм.
Во текот на 1987 година е постигнат договор помеѓу САД и Британија за да се произведува „L119“ со лиценца од САД, односно за „М119“ да ја замени американската „М102“.
„М119“за прв пат влегува во оперативна употреба во декември 1989 година. Направени се одредени минимални модификации за да може да се користи во поекстремни ладни услови и подобрено е одржувањето на хаубицата, со што „М119“ веќе станува „М119А1“.
Производител на „М119“ е „Rock Island Arsenal“ од Илиноис, САД. Моделот на цевката на хаибицата е „М20А1“ и се произведува во „Watervliet Arsenal“.
Генерално, „М119“ е во употреба во сите пешадиски бригади во армијата на САД.
Почнувајќи од 2009 година, а со цел да се даде огнена поддршка на маневарските единици на блиски далечини и да се добие на поголема маневрабилност како со движење така и со оган, американската армија, покрај дотогашните ангажмани на „М109 А6 Paladin“ (самоодни хаубици) во Ирак и во Авганистан, започнува со употребата и на „М119А2“ 105 мм. „М119А2“ е подобрена верзија на А1 во делот на нишанските направи од типот „М90А3“ и „М137А2“.
Во 2013 година за прв пат во употреба е воведена подобрена верзија на „М119“, која е последната и најсофистицирана верзија и е именувана како „М119А3“. Во февруари 2014 година „М119А3“ веќе влегува во борбена употреба во Авганистан во состав на дел од единиците на армијата на САД.
„М119А3“ може да се користи во сите временски и теренски услови и може да ги користи сите типови на НАТО муниција 105 мм.
„М119А3“ е комплетно дигитализирана со инерцијален систем за навигација, глобален систем за позиционирање (GPS) и балистички компјутер на ниво на орудие и на ниво на единица на ранг артилериска батерија.
Компјутерот, покрај основните функции на пресметување на елементите за гаѓање и менаџирање со орудијата во огнена смисла, овозможува и останати функции како: работа како самостојна единица, интегрира поголема база на податоци како за набљудувачниците така и за целите.



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХАУБИЦАТА „М119А3“ 105 ММ | |
|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 105 mm |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Рачно |
| ДОСТРЕЛ | 17,5 km |
| ТЕЖИНА НА ХУБИЦАТА | 2130 kg |
| ТЕЖИНА НА ЦЕВКАТА | 630 kg |
| ШИРИНА | 1,78 m |
| ВИСИНА ВО БОРБЕНА ПОЛОЖБА | 2,12 m |
| ВИСИНА ПРИ МАРШ | 1,37 m |
| ПОСЛУГА | 5 - 7 |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД МАРШЕВСКА ВО ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА | помалку од 3 минутиw |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД ПОЛОЖБА ЗА СТРЕЛБА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | помалку од 3 минути |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | лево и десно по 100 иљадити |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од: - 100 до: +1244 иљадити |
| НИШАНСКИ НАПРАВИ | М90А2 и М137А1 |
| РЕЖИМ НА СТРЕЛБА | 8 проектили за една минута за првите 3 минути |
| МУНИЦИЈА | - M1 HE (high explosive)<br>- M314 осветлувачка<br>- M60/M60A2 чадна<br>- M913 HERA (High Explosive Rocket Assisted) – домет 19,5 км<br>- M760 HE (high explosive) – домет 11,5 км<br>- M1130A1 HE (high explosive) PFF (Pre-formed Fragmentation) BB (Base Bleed) – домет 17 км<br>- M915 DPICM (Dual-purpose Improved Conventional Munitions) |

Покрај тоа, кај хаубицата е подобрен и хидрауличниот систем, со што се намалува должината на повлекување на цевката при истрелување на 64 сантиметри и се намалува притисокот врз колевката на хаубицата и се продолжува животниот век.
Во случај да не функционира некој од клучните софтверски и дигитализирани надградби, предност на „М119А3“ е што ги задржува сите можности од моделот „М119А2“ за да може да се продолжи со гаѓање по упростен пат, користејќи ги механизмите и склоповите, без да се потпира на дигитализацијата, односно модернизацијата. Хаубицата „М119А3“ 105 мм ги користи сите типови на полусоединети проектили на НАТО стандардна муниција.

Славчо Кузманоски



# „Арисака“
## Пушки од земјата на изгрејсонцето

Историјата на јапонската војска и нејзината пушка „арисака“, како и модерната јапонска држава, се тесно поврзани и испреплетени, така што ќе направиме мал историски вовед за пушката „арисака“, приказна која би била правилно раскажана и разбрана. Јапонија, од првата половина на 17 век, па сè до средината на 19 била (само)изолирано и затворено општество, без надворешни влијанија. До отварање на Јапонија доаѓа во 1853 година, под притисок на Американците, и тоа со доаѓање на комодорот Метју Пери во Јапонија, испратен од тогашниот претседател на САД за да воспостави трговски односи помеѓу двете држави, до што и доаѓа веќе во 1854 година со потпишување на познатата Конвенција од Канагама. До целосно отворање на Јапонија и препуштање на современите влијанија доаѓа после „Побуната на самураите“ во 1867 година, односно со соборување на кланот на шогунот Токугава и со доаѓање на власт на царот Муцухито и династијата Меиџи. Тој настан историчарите го нарекуваат Меиџи револуција или Меиџи препород и од тогаш Јапонија многу брзо се трансформира во современо индустриско општество слично на напредните европски држави. Како и кај обичните работи, така и на полето на огненото оружје Јапонија стагнирала и со векови ништо не се менувало. Прв пат во поголем број на употребени пушки на фитил биле забележани во Битката кај Нагашино во 1575 година и потоа наредните 250 години ништо значително не се менувало. При контакт со кинеските војници, Јапонците за прв пат виделе современи пушки – германски и француски пушки „острагуши“ од фирмите „Маузер“ и „Шасепот“. Тогаш доаѓа до одлука на владата да го прати мајорот Цунејоши Мурата на пат по Европа, каде ги обиколил Германија, Холандија, Франција и Италија и видел какви пушки поседуваат и како се произведуваат во овие земји. По враќањето во Јапонија ја конструирал првата јапонска „острагуша“ – пушката „мурата“, во калибар 11x60mm. Пушката била промовирана како оригинална, но била комбинација на веќе проверени и докажани елементи од пушките на тоа време – германскиот „Маузер M1871“, францускиот „Грас M1874“, холандскиот „Бомонт“ и слични. Создавањето на пушките Арисака е поврзано со Првата кинеско-јапонска војна (1894-1895), каде Јапонците со тогаш веќе понапредните и посовремени пушки „мурата“ (Тип-13 и Тип-22 или M1880 и M1889) се сретнале со модерните, тукушто набавени од Германија пушките „M1888“. Овие пушки кои се полнеле со рамки со куршуми, нуделе побрзо и покомфорно полнење и биле супериорни во однос на пушката „мурата“. По согледувањето на недостатоците и видното заостанување зад остатокот на светот на оваа поле, јапонската влада формирала комисија на чело со тогашниот полковник Нариаке Арисака, по кого идната пушка ќе го носи името, за да конструираат нова пушка, рамноправна со тогашните светски решенија. Водечки конструктор во оваа програма бил Кијиро Намбу, човек кој го конструирал прославениот јапонски пиштол „намбу“.
Во продолжение ќе го објасниме званичното обележување на пушките „арисака“ (или на пушката „мурата“).

> Прво нешто што ќе ни падне на памет кога ќе се спомене Јапонија и нејзината историја, сигурно е јапонскиот војник-самурај, вооружен со меч „катана“. Следно на што ќе се сетиме поврзано со историјата на оваа мистична земја се јапонските војници и нивната фанатична храброст со која се бореле во Втората светска војна. Оттука доаѓаме до пушката „арисака“ без која јапонскиот војник не можел ни да се замисли





По започнувањето на меиџи-препородот, односно од 1868 година, времето во чест на царот се сметало според меиџи-календарот, па така 1868 година е прва меиџи-година. Така, на пример, пушката „арисака“ тип 30 („меиџи 30“) или тип 38 („меиџи 38)“, всушност се пушки од 1897 и 1905 година. За работите да бидат позамрсени, меиџи-календарот бил на сила до 1930 година, кога отпочнува сметање на времето по стариот јапонски календар, каде за почеток на сметање на времето се зема 660 година пред новата ера, па така пушката „арисака“ тип 99 означува 2599 година по јапонскиот стар или 1939 година по нашиот календар.
Првата пушка „арисака“ имала ознака тип 30 („меиџи 30“ или „М1897“) и била изработувана како класична пушка и како карабин, во изворен јапонски калибар 6,5x50mm „арисака“. И оваа пушка како и пушката „мурата“ претставува повторно комбинација на проверени решенија на неколку европски производители на пушки („Маузер“, „Штаер“ „Манлихер“, „Каркано“ и други) со некои оригинални јапонски решенија (кочница, зајакната ракофатка, магацин и уште неколку решенија). Покрај добрите балистички особини и врвната финална изработка, пушките„арисака“ имале и недостатоци, како на пример обликот на куршумот 6,5x50mm – чаурата била премногу заоблена, па правела мали проблеми при репетирањето (Швеѓаните и Италијаните многу подобро ги решиле чаурите на куршумите со ист калибар), премногу сложен склоп на затворачот и ударната игла со многу ситни делови кои при расклопувањето на пушката можеле да се загубат, послаб извлекувач од тој кај „маузер“, како и многу полошо решение на кочницата. При првиот пат на употреба во текот на кампањата во Кина (1900-1901), како и во текот на Руско-јапонската војна (1904-1905), овие пушки се покажале многу неотпорни на нечистотија и користење во лоши теренски и временски услови, за разлика од руските „мосинки“. Ако би можело така да се каже, пушките „арисака“ биле „премногу квалитетно“ направени за груба војничка употреба. И покрај сите недостатоци на овој модел на „арисака“ пушките, биле направени преку 550.000 примероци, почнувајќи од 1897 па до 1905/06 година. Биле користени дури и за време на Втората светска војна во центрите за обука и логистичките единици во Кореја и во Кина. Малку е познато дека пушките „арисака“ (повеќето тип 30) биле употребувани за време на Првата светска војна од страна на Британија, Русија и други завојувани европски страни. Во текот на 1914 година, Русија купила преку 600.000 пушки „арисака“ тип 30, кои веќе во јапонската војска била заменувана со новиот модел тип 38 во калибар 7x57mm кои не ѝ биле испорачани на Мексико поради избивањето на тамошната револуција. Во текот на истата година Велика Британија купила 150.000 пушки и карабини тип 30 и тип 38, повеќето за опремување на Кралскиот воздухопловен корпус и Кралската морнарица. Поголемиот дел од овие пушки, околу 128.000 пушки, Велика Британија и ги испорачала/продала на Русија во текот на 1916 и 1917 година. Со голем број на заробените „арисака“ пушки, австроунгарската војска во текот на 1915 година ги опремила своите логистички единици. Големата должина на „арисака“ пушките со монтиран бајонет (1660mm, од што скоро една четвртина отпаѓа на сечивото на бајонетот) се вклопувала во јапонската пешадиска тактика која ја нагласувала употребата на бајонетот. Употребата на бајонетот со должина од 510 (525) mm, од што на сечивото отпаѓало 390 (400) mm, како мачета во услови на прашуми и предели со бујна вегетација била многу погодна. Примарниот модел кој неразделиво се употребувал со бајонет била пушката „арисака“ тип 30. Бајонетите се разликувале според обликот на штитникот, а должината на сите била речиси иста.
После почетниот модел тип 30, веќе во 1905/1906 година се појавува модел означен како тип 38, омилена пушка на јапонските војници во Втората светска војна.

Создавањето на пушките „арисака“ е поврзано со Првата кинеско-јапонска војна (1894-1895), каде Јапонците со тогаш веќе понапредните и посовремени пушки „мурата“ (Тип-13 и Тип-22 или М1880 и М1889) се сретнале со модерните, тукуштo набавени од Германија пушки „М1888“





Оваа пушка настанала врз основа на искуствата од Руско-јапонската војна и претставува усовршен тип 30 и со поправени недостатоци кои се јавиле во текот на борбената употреба. Калибарот и понатаму бил 6,5x50mm како и кај претходниот модел, и покрај класичната пушка постоел и карабин со должина од 970mm (во однос на 1270mm колку била должината на класичната пушка), кој бил означуван како карабин тип 38. Покрај овој карабин, во 1911 година е конструиран и веќе следната година воведен во вооружувањето, карабинот означен како тип 44, кој од сите пушки „арисака“ се разликувал по интегрираниот бајонет, кој се преклопувал под цевката и имал форма на бодеж и бил со должина од 345mm. Вакви карабини до крајот на Втората светска војна биле направени околу 92.000. Во овој калибар треба да се спомне и падобранскиот карабин тип 38, како и снајперската пушка која се појавила 1937 година со ознака тип 37. Основа на оваа испукувањето речиси и да нема блесок на устата на цевката. Причина за тоа било што целото барутно полнење согоревало во цевката пред излегувањето на зрното од неа, па митот за „безпламениот“ јапонски барут се ширел меѓу противничките војници, а вистинскиот проблем биле противснајперските мерки кои биле скоро невозможно да се изведуваат. Овој „феномен“ на недостаток на блесок, се разбира не постоел кај карабините со пократка цевка кои испукувале иста муниција. После повеќе децении на употреба на муницијата со калибар 6,5x50mm „арисака“, јапонските експерти дошле до заклучок дека тој куршум сепак е преслаб за воена употреба. Слабата запирачка моќ на борбен комплет на муниција, што им одговарало на јапонските војници кои биле со понизок раст и поситна телесна градба.
Сето ова довело до развој на нова пушка во 1939 година, наследник на пушката тип 38, но овојпат во калибар 7,7x58mm под ознака тип 99 „арисака“. Куршумот во калибар 7,7x58mm бил развиен врз основа на британскиот куршум .303 (7,7x57mm), со тоа што јапонскиот куршум немал испакнат обод околу чаурата. Овој куршум, кој веќе го употребувале јапонските митралези, не создавал повеќе енергија од британскиот оригинал, а бил на ниво на американскиот .30-06 спрингфилд. Пушката „арисака“ тип 99 била изработувана во повеќе

Пушката „арисака“ тип 99 била изработувана во повеќе варијанти – долга пушка (во помал број), кратка (стандардна) пушка, која по должината одговарала на „маузер К98“, падобранска пушка тип 99 и тип 2, како и снајперска пушка тип 99



снајперска пушка била моделот тип 38, што во тоа време било практика и во другите армии, снајперските пушки да се добиваат со мали преправки на основните пешадиски пушки. Од својата основа, тип 97 се разликувала по нешто полесната целосна дрвена облога и кундакот, подолгата и закривената рачка за репетирање, жичениот склоплив моноподот и секако монтираната оптика со зголемување 2,5x. Се проценува дека во разни варијанти пушката тип 38 била произведена во преку 3.000.000 примероци. Долгата цевка кај снајперската и класичната пушка тип 38 (810mm) во комбинација со слабата муниција 6,5x50mm, доведувале до тоа при поголеми далечини, и покрај добрите балистички карактеристики, како и искуствата од почетокот на Втората кинеско-јапонска војна (1937-1945) каде се покажало дека на поголеми далечини прецизноста на јапонските пушки не може да се споредува со кинеските во калибар 8x57mm, само ги потврдиле мислењата на воените авторитети. Според изјавите на кинеските војници, доколку зрното со калибар 6,5 mm не би погодил некој витален орган, артерија или коска, последиците биле минимални. Раните малку крвареле и повеќето не биле болни. Единствена предност на овој куршум се гледала во прикриеноста при дејство, слабото повратно дејство и можноста за носење на поголем варијанти – долга пушка (во помал број), кратка (стандардна) пушка, која по должината одговарала на „маузер К98“, падобранска пушка тип 99 и тип 2, како и снајперска пушка тип 99. Оваа пушка била логично продолжение во развојот на системот „Арисака“, скоро идентична на моделот тип 38 со неколку додатоци. На почетокот на производството сите модели поседувале жичен моноподот, како и една егзотична новина – заден противавионски нишан. Овие особености во подоцнежните серии ги снемало, и тоа пред сè, поради нивната практична неупотребливост. Пушката можела да се полни поединечно, куршум по куршум или со клипови од по пет куршуми. Бајонетот




Дека пушките „арисака“, и тоа оние направени пред почетокот и на почетокот на Втората светска војан се едни од најквалитетните обртночепни репетирки од времето на Втората светска војна, сведочат и бројните тестирања во САД после војната. Во нив пушката „арисака 38“ се покажала како една од пушките со најцврсто забравување и единствена која ги издржала сите тестови во кои се испукувала муниција со разни лаборации до сосема целосно онеспособување на функционалноста на пушката

не бил сменет, а борбениот комплет, јапонскиот војник најчесто го носел околу појасот во две фишеклии во кои биле по шест клипа со по пет куршуми, вкупно 60 куршуми. Добро извежбан стрелец можел во борба за 30 секунди да ги испука сите пет куршуми, додека полош стрелец за исто време успевал да испука само два куршуми. Пократката цевка на кратката, стандардна пушка тип 99 и појакиот куршум правеле поголемо повратно дејство и блесок на устата на цевката, што било тотално спротивно од тип 38, така што јапонските војници на почетокот тешко ги прифаќале. Намерата на воениот врв била комплетна замена на пушката тип 38 со новата тип 99 и со тоа да ја олеснат логистиката со унифицирање на калибарот, но раниот почеток на војната на Пацификот ги спречило во тоа. Замената на пушката тип 38 со тип 99 се вршел од дивизија до дивизија, бидејќи снабдувањето со муниција морало да биде стандаризирано. Прво пушките ги замениле единиците во Манџурија, па потоа единиците поблиску до Јапонија, како и оние во самата Јапонија. Единиците на Пацифичкиот фронт биле последни во редот за замена на пушките. До крајот на војната двата калибри/модели, тип 38 и 99 останале во употреба, а пушката тип 99 била произведено во преку 3.500.000 примероци (не сметајќи ги специјалните модели – снајперски, падобрански и други). Пушките тип 99, како и генерално останатите





модели кои биле направени пред и на почетокот на војната биле многу квалитетни и добри пушки, добро машински обработени, со брунирани метални делови и добро обработени дрвени делови, а хромираната цевка покажала исклучителна отпорност на агресивните климатски услови. Како одминувала војната, а ресурсите се намалувале, така и квалитетот на произведените пушки опаѓал. Биле употребувани челици со послаб квалитет, машинската обработка била многу лоша, многу делови биле упростени или исфрлени. Главна ознака на сите модели на пушките „арисака“ била царската хризантема, симбол на царската династија. Една од последните наредби на Врховната команда на Империјалната јапонска армија била од пушките и останата опрема да биде физички отстранета царската хризантема зад да се сочува честа на царот. Така, денес, колекционерските примероци кои на себе го имаат целиот неоштетен царски симбол, може да се сметаат за „веројатно заробени“, додека оние со оштетен и изгребен симбол се сметаат за „формално предадени“ пушки.

Дека пушките „арисака“, и тоа оние направени пред почетокот и на почетокот на Втората светска војан се едни од најквалитетните обртночепни репетирки од времето на Втората светска војна, сведочат и бројните тестирања во САД после војната. Во нив пушката „арисака 38“ се покажала како една од пушките со најцврсто забравување и единствена која ги издржала сите тестови во кои се испукувала муниција со разни лаборации до сосема целосно онеспособување на функционалноста на пушката. Следна пушка која ја издржала сета оваа „тортура“ била пушката „арисака“ тип 99. Меѓу тестираните пушки биле и моделите „Спрингфилд“, „Маузер“, „Ли Енфилд“, „Мосин-Нагант“ и други. За квалитетот можеби многу зборува и случајот на потпоручникот Хиро Онода, кој во 1974 година конечно им се предал на филипинските власти и излегол од џунглата после 29 години од завршувањето на Втората светска војна. Тој, покрај офицерскиот меч и неколку гранати, предал и потполно употреблива пушка „арисака“ тип 99 со 500 куршуми. Сето ова што беше горенаведено и речиси педесетгодишната употреба, пушката „арисака“ ја прават најважна пушка на Далечниот Исток на сите времиња.

Александар Стојчевски




# „#MeToo“ – движење против сексуално вознемирување и насилство врз жените

Насилството врз жените, сексуалната злоупотреба и сексуалното вознемирување сè уште се еден од најраспространетите и најстрашни облици на кршењето на човековите права ширум светот. Се проценува дека 35 отсто од жените во светот во текот на некој период од својот живот биле изложени на ваков облик на насилство. Во некои земји таа бројка се искачува и до високи 70 проценти. Искоренувањето на овие појави бара постојан ангажман на национално и на глобално ниво. Преку општественото движењето „#MeToo“, жртвите имаат можност преку социјалните платформи јавно да зборуваат за своите горчливи искуства и да бараат правдина. Активистката Тарана Бурк ја користела фразата „Me Too” во тој контекст уште во 2006 година на социјалните мрежи, за услуги на „Myspace“, од страна на

„#MeToo“ е општествено движење насочено против сексуалното злоставување и сексуалното вознемирување врз жените. Терминот „Me Too“ го воспоставила активистката Тарана Бурк, активистка од САД, и првичната цел на фразата била да им се влее храброст на младите и ранливи жени преку емпатија и поддршка јавно да проговорат за своите проблеми поврзани со сексуалното вознемирување и злоставување



жртвите од сексуално вознемирување. Во октомври 2017 година, актерката Алиса Милано, на „Твитер“ ја поттикнува употребата на платформата „#MeToo“ за да се открие вистинската големина на проблемот со сексуалното вознемирување и злоупотреба од страна на моќни или познати мажи.
На политички план, „#MeToo“ се труди да ја промени постојната законска регулатива за ова прашање и да изврши политичко влијание. Една од водачките на движењето повика да се земаат отпечатоци и да се истражува минатото на сите професионалци кои работат со деца, уште пред да стапат во работен однос. Исто така, „#MeToo“ се залага и за сексуално образование кое ќе ги обучи децата веднаш да го пријават секој обид за сексуално предаторство. Движењето го поддржува и законскиот предлог поднесен до американскиот Конгрес, според кој ќе се забрани т.н „cooling off“ период што налага дека треба да поминат месеци пред да им биде дозволено на вработените во федералната влада да поднесат тужба против конгресмен за недолично однесување.
„#MeToo“ засекогаш го менува и бизнисот. После „#MeToo“, компаниите, управните одбори и лидерите треба да бидат пофокусирани на одделите за човечки ресурси и надградување на културата во компаниите. Целта на движењето е да го олесни анонимното пријавување на злоупотреба и дискриминација директно до водечкиот тим на компанијата, без грижа околу можните последици. Освен тоа, сè почесто се поставуваат прашањата за правилниот третман на вработените во компанијата и корпорациската одговорност.
Општественото движење „#MeToo“ создаде поволна клима за притисок, дури и врз луѓето кои се на највисоки позиции во компаниите, како и нулатолеранција за дискриминацијата и вознемирувањето на работното место. Многу компании ги преиспитуваат своите суштински вредности и воведуваат нови стандарди во форма на „вклучување на светлото“, како метафора за транспарентно изнесување на скриените информации и преземањето одговорност за неправилното однесување. По реакциите на „#MeToo“, во некои компании се преиспитуваа досиејата на вработените во одделите за човечки ресурси, инклузијата и културата во компанијата. Во САД веќе е прифатено размислувањето дека иднината на бизнисите во сите форми и големини ќе биде светла ако се прифати транспарентноста, отвореноста, и ако постои меѓусебно почитување внатре и надвор од работната средина.
За сите импликации и активности на кампањата која ја спроведуваат активистките на движењето „#MeToo“ може да се дискутира од различни аспекти и за различни случаи и видови на сексуално вознемирување и злоставување, но најмногу нивната активност стана видлива преку обелоденувањето и судската разрешница за Харви Вајнстин, познат холивудски продуцент, кој беше обвинет за напад и силување на повеќе десетици актерки кои ги злоставувал во период од неколку децении. Меѓу оштетените е и познатата актерка Ума Турман, која е активистка во движењето. Значењето на тоа што се случи во Холивуд е токму тоа што широко се отвори простор за дебата и реакции на ваквите однесувања на мажите кои се високо позиционирани во општеството. Правно, товарот останува кај обвинителот по службена должност, но самиот факт дека сè повеќе жени се осмелуваат да зборуваат јавно за претрпеното насилство ги охрабрува и другите да зборуваат на таа тема и да го пријават насилникот.
За ова во „Њујорк пост“ пишуваше холандската политичарка, активистка и писателка Ајан Хирси Ајан, која ја разбира кампањата на движењето „#MeToo“ како посебна можност за обединување на луѓето кои припаѓаат на различни политички партии и групи.







## „#СегаКажувам“ – македонскиот пандан на „#MeToo“

Поттикнати од глобалниот бран што го предизвика „#MeToo“ и ставањето акцент врз жртвите на сексуалното вознемирување и злоупотреба, неколку независни македонски активистки ја иницираа кампањата „#СегаКажувам #TaniTregoj“, во која ги повикаа сите оние кои имаат своја приказна или, пак, приказна на некој свој близок за сексуална злоупотреба, малтретирање или принуда од позиција на моќ, да ја споделат на социјалните мрежи под соодветниот хаштаг. „#СегаКажувам #TaniTregoj“ доби забележителен одзив од жени кои ги споделија своите искуства со сексуално вознемирување и дискриминација на училиште, на факултет, во јавни установи, на работа, и за возврат примија охрабрувачки пораки од јавноста. Дел од нив беа пресретнати со неизбежниот шовинистички, стереотипен подбив што социјалните медиуми сами по себе го нудат во изобилство. За жал, резултатот на оваа кампања може да се гледа единствено во правец на подигнување на свеста за сексуалното вознемирување и злоупотреба, како мал исчекор напред кон постигнување темелни промени на ова поле. Мнозумина се запрашаа зошто се кријат имињата на сторителите, а организаторите на кампањата одговорија дека целта на „#СегаКажувам #TaniTegoj“ не е да се спроведе казна или одмазда на поединечни престапници, туку да се стави фокус на насилствата што се вршат врз жените и девојчињата и да се создаде култура која е против она што имплицитно и суптилно го негува и го надградува таквото однесување од страна на мажите.

Кристина Трајановска



# Дивиот свет и Ковид-19: туристите и нивните „селфи“ – реална опасност за дивите животни

Поголемиот дел од автопортретите или популарно наречените „селфи“ фотографии направени со горила што истражувачите ги имат забележано на Инстаграм, сериозно ги прекршуваат правилата за социјално дистанцирање наметнати за да се задржи безбедноста на загрозените видови мајмуни. Зошто ова е значајно? Па, Ковид-19 не е болест која ги афектуира само луѓето, туку и животните се подложни на зараза

Факт е дека досега се евидентирани случаи на заразени домашни мачки, лавови, тигри, визони и кучиња. А, во јануари 2021 година, три горила од Сафари паркот на зоолошката градина во Сан Диего се позитивни на КОВИД-19, што е прв случај на заразен примат кој не е човек. Горилата, кои најверојатно биле заразени од чуварот со асимптоматски симптоми, делумно се закрепнале, но со медицинска помош. Тогаш, Винстон, 49-годишен водич на група со специфична срцева состојба, развива пневмонија и добива антибиотици, лекови за срце и терапија со моноклонални антитела. Истражувачите не се изненадени што големите мајмуни се подложни на корона вирусот, имајќи ја предвид сличноста помеѓу луѓето и приматите, како горила, шимпанза и орангутани.

Она што е потенцијален проблем е дека овие животни би можеле да бидат изложени на КОВИД-19 и во дивината. А, една нова студија објавена во научното списание „People and Nature“ потврдува дека ова е реален ризик. Поконкретно кажано, за да утврдат колку блиску туристите се приближуваат до дивите планински горили во трите земји во кои живеат загрозените примати, Уганда, Руанда и Демократска Република Конго – тим на научници анализирале туристички „селфи“ фотографирани со животни пред пандемијата. Тие утврдиле дека поголем број од луѓето кои ги објавуваат овие фотографии се доближуваат до горилите повеќе отколку што е дозволено, а честопати доволно блиску за да пренесат болести како што е корона вирусот.
„Она што го видовме е дека регулативите не се почитуваат секогаш и дека просечното растојание помеѓу



Меѓународната унија за зачувување на природата (International Union for Conservation of Nature (IUCN)), која го следи статусот на видовите животински свет, објавува водич на најдобри практики за голем мајмунски туризам, според кои се препорачува да се држи растојание од најмалку седум метри од животните и да се носат маски за лице. Уганда, Руанда и Демократската Република Конго (ДРК) го имаат усвоено правилото од седум метри пред пандемијата, од нив само ДРК ја нагласува употребата на маски за лице



туристите и горилите станува сè помало во последните седум години“, вели Магдалена Свенсон, предавач на Универзитетот Oxford Brookes University во Велика Британија и коавтор на студијата „Луѓе и природа“ ( во оригинал: People and Nature). Меѓународната унија за зачувување на природата (во оригинал: International Union for Conservation of Nature (IUCN)), која го следи статусот на видовите животински свет, објавува водич на најдобри практики за голем „мајмунски туризам“, според кои се препорачува да се држи растојание од најмалку седум метри од животните и да се носат маски за лице. Уганда, Руанда и Демократската Република Конго (ДРК) го имаат усвоено правилото од седум метри пред пандемијата, од нив само ДРК ја нагласува употребата на маски за лице.

Туризмот со горила функциоинира и сега, иако со ограничен капацитет и со построга безбедносна заштита отколку пред пандемијата. Но, Свенсон предупредува дека животните ќе бидат изложени на значителен ризик да фатат Ковид-19 ако правилата не се зајакнат и не се применуваат и понатаму. „Не сакаме да го запреме туризмот со горила или да ги спречиме луѓето да ги гледаат овие неверојатни животни, но сакаме да го направиме што е можно побезбеден за сите“, вели таа.

## Можност за инфекција

Туризмот е огромна придобивка во обидот за зачувување на приматите, бидејќи е извор на финансиски ресурси кои ги поддржуваат напорите за заштита на дивиот свет, но и локалните економии. Исто така, туризмот ги држи ловокрадците на дистанца со тоа што ги носи посетителите и чуварите во областите каде што се наоѓаат животните, односно во нивниот натурален хабитат и во очите на локалното население ја истакнува вредноста да ги одржуваат живи и здрави големите мајмуни. Но, поради нашата генетска сличност со мајмуните, луѓето редовно пренесуваат бројни заболувања кај нив, почнувајќи од E. coli до шуга или од Giardia до пневмонија. Притоа, треба да се нагласи дека респираторните заболувања се специфично и големо зло. Имено, неколку патогени микроорганизми кои обично предизвикуваат симптоми слични на настинка кај луѓето можат да бидат фатални за големите мајмуни. Ваквите вируси се главна причина за смртта кај некои популации. Така, на пример, во 2016 и 2017 година, епидемијата на човечки респираторни заболувања кај шимпанзата во Националниот парк Кибале во Уганда убива 25 животни во една група и предизвика зараза кај 44 проценти од 205 членови на групата. Горилата во зоолошката градина во Сан Диего се првите примати за кои се знае дека биле заразени со Ковид-19 надвор од лабораториски услови. Научниците и експериментално потврдија дека африканските зелени мајмуни, резус-макаки и циномолгус-макаки можат да се заразат со вирусот и да манифестираат сериозни симптоми. „Сите мајмуни се подложни на инфекција со КОВИД-19 и болест“, вели Тони Голдберг, епидемиолог од Универзитетот во Висконсин, Медисон. Затоа, ако дивите горили се заразат со КОВИД-19, вирусот сигурно би бил во потешка форма отколку кај „заробените“ животни во зоолошката градина во Сан Диего, каде имаше одлична ветеринарна заштита. „Веројатно ќе се прошири многу брзо во семејствата на горили кои целото време го поминуваат заедно“ – додава Голдберг. Свенсон и нејзините колеги се заинтересирани да видат колку внимателно се почитуваат правилата на IUCN од луѓето. Со оглед на сегашните ограничувања за патувања, тие имат побарано од Инстаграм да им биде овозможен увид во однесувањето на туристите на терен. „Се обидуваме да

бидеме креативни и да истражуваме што е она што може да помогне во зачувувањето на приматите, дури и од далечина“, вели Свенсон.
Пребарувањето со употреба на хаштагови #gorillatrekking и #gorillatracking откри 858 селфи-фотографии со планински горили објавени во периодот од 2013 до 2019 година. Свенсон и еден колега одделно го проценувале растојанието помеѓу горилата и човекот на секоја фотографија. Ако нивните процени значително се разликувале, тие побарувале и трет колега да го одреди растојанието. Самите резултати не претставуваат целосна слика за тоа како се однесуваат сите туристи во природата. Но, тие сугерираат дека значителен број луѓе не ги почитуваат правилата. Од 858 селфи-фотографии, 86 проценти биле направени на растојание од четири метри од горилата. Само три проценти од фотографиите, пак, биле направени на најмалку 2-3 метри. На 25 фотографии, луѓето дури и ги допирале животните. Навидум, се чини дека туристите се приближуваат поблиску до големите мајмуни: Во текот на шестгодишниот период на студии, просечното растојание помеѓу луѓето и горилите е намалено на околу три метри. Истражувачите го испитувале и критериумот на употреба на маски во селфи-фотографиите. Во ДРК, каде што се потребни маски, откриле дека 65% од луѓето ги носат. Во Уганда и Руанда, каде маските не се задолжителни, ниту еден селфи-носител немал маска. Но, и оваа ситуација е променета со текот на времето. Така, Руанда и Уганда сега бараат маски за лице и го зголемија безбедното растојание од 23 стапки на 32 стапки. Не е јасно дали овие промени ќе бидат трајни. Но, факт е дека националните географски експедиции ги следат здравствените и безбедносните протоколи кои се однесуваат на дивиот свет, а се утврдени и донесени од владата и власта.
„На авторите на овој труд треба да им се честита што го препознаа ‘селфито’ како недоволно искористен извор на податоци“, вели Голдберг, кој не бил вклучен во истражувањето. „Многу е тешко да се добијат точни податоци за средби со диви мајмуни од интервјуа со туристи или водичи, а фотографиите можат да откријат различни аспекти на туристичкото искуство што поинаку не може да бидат уочени“. Проблемите откриени во студијата за „селфи“ не се карактеристични само за горилите, додава Голдберг. Во 2018 година, еден од неговите постдипломски студенти, Дарси Гласер, се приклучува на 101 екскурзија на посматрање на шимпанза во Уганда и забележува повеќе од 900 случаи кои се поврзани со телесни функции кај шимпанзата коишто можат




„Сите мајмуни се подложни на инфекција со КОВИД-19 и болест“, вели Тони Голдберг, епидемиолог од Универзитетот во Висконсин, Медисон. Затоа, ако дивите горили се заразат со КОВИД-19, вирусот сигурно би бил во потешка форма отколку кај „заробените“ животни во зоолошката градина во Сан Диего, каде имаше одлична ветеринарна заштита

да шират болести – кашлање, кивање, мокрење, плукање. Гласер забележал и илјадници моменти кога туристите допирале стебла и гранки со кои шимпанзата може да стапат во контакт. Иако допирањето дрвја не прекршува некое тековно правило, тоа е еден од многуте можни начини на пренесување на болеста, што може да се намали со построги мерки, заклучува Гласер. Свенсон се надева дека пандемијата на корона вируси ќе помогне во подобрувањето на регулативите и за развој на туризмот со приматите. Според неа, маските за лице сега се норма и лесно може да се вклучат како задолжителна галантерија за сите следења/екскурзии поврзани со приматите.

Гледис Калема-Зикусока, ветеринар и основач на Конзервацијата преку јавно здравје (во оригинал: Conservation Through Public Health), непрофитна организација со седиште во Уганда, која промовира соживот на луѓе, горили и други диви животни, исто така се надева дека КОВИД-19 ќе генерира поттик за позитивни промени. „Резултатите од ова истражување ќе бидат корисни за создавање култура на одговорен туризам за горили, шимпанза и орангутани, што воедно ќе може да се приспособи и за другите примати“, вели таа.

м-р Билјана Поповска

*(ададптирано од BYRACHEL NUWER https://www.nationalgeographic.com/animals/article/tourists-risk-giving-gorillas-coronavirus-other-diseases)*







# Веселинка Малинска,
## македонски комунист, учесничка во НОВ, новинарка и борец за женските права

Веселинка Малинска била делегат и втор секретар во работното Претседателство на Првото заседание на АСНОМ, уредник на „Весник“, одговорен уредник на списанието „Илинденски пат“, уредник на списанието „Македонка“. По ослободувањето била главен и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија“, директор на Радио Скопје, претседател на Здружението на новинари на Македонија, како и вршител на политички функции. Носител е на Партизанска споменица 1941

Веселинка Георгиева-Малинска била родена на 4 јануари 1917 година во Куманово, а починала во Скопје на 12 ноември 1987 година. Таа завршила Трговска академија во Ниш. Како член на КПЈ 1936 година и студент на Високата економско-комерцијална школа во Загреб била истакнат активист во Кумановското студентско друштво. Во 1937 била избрана за член на МК на КПЈ во Куманово. Подоцна студирала во Белград, каде што била секретар на Месниот одбор на Народната помош (1940-1941). Веселинка, која била член на СКОЈ и секретар на скоевските активисти, била уапсена во 1936 г. и спроведена во истражниот затвор во Скопје и во Ада Циганлија во Белград.
По Априлската војна била главната курирска врска на Покраинскиот комитет на КПЈ за Србија и ЦК на КПЈ со Белградскиот партизански одред и со партиските организации во Србија. Во отсуство била осудена на смрт во април 1942 година. Веселинка се вратила во Македонија во мај 1942 г. и била секретар на Месниот комитет на КПЈ во Скопје и уредник на неговото гласило „Весник“. Наскоро заминала како борец во Вториот скопски партизански одред од октомври 1942 до јануари 1943 г., а потоа се илегализирала кај јатаци на Скопска Црна Гора од каде што заминала на 20 мај 1943 година на планината Караорман каде била секретар на Агитроп при Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Била кандидат за член на ЦК на КПМ (1943-1945), избран делегат на АВНОЈ, член на Главниот одбор на НОФ, одговорен уредник на списанието „Илинденски пат“, делегат и втор секретар на работното Претседателство на Првото заседание на АСНОМ, референт на Поверенството за информации и уредник на списанието „Македонка“.
По ослободувањето Веселинка Малинска била секретар на Главниот одбор на Антифашистичкиот фронт на жените, АФЖ, за Македонија. Ја завршила Вишата политичка школа „Ѓуро Ѓаковиќ“ во Белград и била главен и одговорен уредник на весникот „Нова Македонија, директор на Радио Скопје од 1 април 1952 до 25 ноември 1961 година. Веселинка Малинска била претседател на Здружението на новинарите на Македонија, потпретседател на Главниот одбор на ССРНМ, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ (1963 и 1965 година), републички и сојузен пратеник, член на Претседателството на ЦК на СКМ, претседател на Универзитетскиот совет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ и член на Претседателството на СРМ.

Антоанела Димитриевска



# ДВОРСКАТА ЛУДА И ШПАГЕТИ НА ВРБА

Никаде во светот 1 април не е празник, но секаде се одбележува со мајтапење на туѓа сметка. На Запад го викаат ден на будалите, а писателот Марк Твен рекол дека први април е за да се потсетиме кои сме и што сме преостантите 364 денови во годината

На единаесеттиот ден од започнатата пролет, почнувајќи од Исус Христос до денес, на секој поданик на нашава планета му е дозволено да се пошегува со блиските, но и со светот, без притоа да му биде ставена забелешка. Шегата, колку и да е несолена, најчесто и непромислена, се ублажува со едно „априлилили“. „Оштетената“ страна може само кисело да се насмевне, жалејќи што во таквата улога не го ставила шегобиецот од другата страна. Реваншот може да следи година дена подоцна, доволно време да се заборави и повторно да се дочека изненадувањето наречено првоаприлска шега.

Оние кои за важните настани во историјата оставале пишани траги, на нас ни дале можност да ги повторуваме, како вистини, кои можеби биле измислица на некој тогашен Итар Пејо. Оттука, произлегува и информацијата дека празникот на шегата потекнува од времето на дедо Ное. Имено, кога тој, за прв пат од својата арка ја испратил гулабицата да провери дали некаде има копно, таа се вратила со „негативен“ одговор. Настанот се случил на 1 април, а тоа е забележано во хебрејската Библија и во 71. сура во Куранот.

## Дворската луда Кугела, еден ден император

Во цикличното повторување на „најславните“ првоаприлски шеги, поради таканареченото канцелариско новинарство, недостасуваат оние врз кои се темелат современите изнененадувања на Денот на будалите. Најрано забележана шега е поврзана со еден настан на дворот на византискиот император Константин Велики. Имено, еден од најголемите цареви во Римската Империја, на својот двор во Константинопол имал тројца службени дворски луди, задолжени да го забавуваат по напорната државничка работа. Еден од нив, Кугела Кусиот, не само што бил постојан придружник на императорот, туку, тој е единствениот на кого му биле простувани и најголемите лудории. Еден ден, дворската луда Кугела рекол дека многу подобро би управувал со империјата и од самиот Вавсилеус. „Ако мислиш така, еве, утре добиваш царска одежда и управувај како сакаш и колку сакаш“, му рекол Константин Велики на Кугела. Сосема случајно, денот кога византискиот император станал дворска луда, бил 1 април, па оттука и потекнува роденденот на Денот на шегата.

Оваа „историска приказна“ на светот му ја подарил Џозеф Баскин, професор по историја на Бостонскиот универзитет во 1983 година, повикувајќи се на римски документи што ги нашол во архивата во најголемата библиотека во светот, која случајно се наоѓа токму во главниот град на САД. Се разбира, американските весници веднаш го публикувале тоа сензационално откритие и од професорот Боскин побарале дополнување на неговото откритие. Погледнете ја датата на моето „откритие“ и ќе сфатите за што станува збор. На агенцијата „Асошиејтед прес“ не ѝ преостанало ништо друго освен да објави дека веста за императорот, дворската луда Кугела, била првоаприлска шега.

За утеха на љубителите на историските пикантерии, ќе спомeнеме дека не е првоаприлска шега дека некоја дворска луда била император. Имено, на истиот двор во Константинопол, во престолнината на Источното Римско Царство, во 1049



година, еден дворски циркузант станал император. Приказната за тој настан, во својата „Хронографија“, Михаило Псел, инаку автор на биографиите на три византиски цареви, оставил запис за единствената дворска луда на царот Константин Мономах. Псел пишува дека „на тој циркузант сѐ му било дозволено, дотолку што тој се дрзнал да ѝ се додворува на љубовницата на императорот“, па дури подготвувал и атентат на Василеусот. Кога го затекнале со мечот во рака пред спалната соба на императорот, телохранителите веднаш го затвориле и за настанот го известиле Константин Мономах.

„Окован во пранги, циркузантот стоеше пред царот и плачеше како мало дете. Кога Василевсот го запраша што барал со мечот пред неговите царски одаи, тој му одговори дека сакал да се облече во царската одежда. Тогаш, Господарот нареди веднаш желбата да му се исполни и така, тој јадник беше поставен на царскиот трон“, заклучува најголемиот интелектуалец и најпознатиот хроничар во историјата на Источното Римско Царство.

## Убавицата и кралот Арни Четврти

Една анегдота, забележана на францускиот кралски двор, вели дека кралот Анри Четврти (1589-1610), на 1 април, десет години не излегувал од кралските одаи. По она што му се случило на тој датум, имал причина за таква постапка. Тој, инаку, бил познат како ловец на млади и убави жени, што не било тајна и за неговата законска сопруга Марија де Медичи. И, токму таа, одлучила еднаш за секогаш да го одучи од „гнасното хоби“. Со помош на своите слугинки, кралицата на кралот му договорила љубовна средба со неименувана млада девојка. Кралот стројничките богато ги наградил, се дотерал и тргнал во новата љубовна авантура. Кога дошол на договореното тајно место, таму го чекало големо изненадување. Наместо „убавицата од соништата“, од грмушката излегла неговата сопруга.

Случката со првоаприлското доживување на кралот Анри станала традиција, па во Франција, од тогаш до денес, се практикува на 1 април да се режираат неверојатни љубовни шеги. Некои од нив неславно завршиле по нивните актери, а во една вест објавена во 2013. година се вели дека не е шега дека на 1 април се забележани повеќе разводи, а како причина се наведува „погрешно протолкувана“ првоаприлска шега. Имено, неколку бракови се разведени бидејќи еден од сопружниците, фатен на дело, се бранел со „априлилии“, што кај другиот не поминало, и не било уважено како аргумент при судската постапка за развод. Поголема трагедија од развод поради првоаприлските шеги е, секако, е заради истата да се остане без работа. Американката Шели Бартон на својот претпоставен во локалната банка во Сан Франциско по телефон му кажала дека е најобичен мочко, акреп, што не го бидува да биде ни портир, а камо ли шеф. Нејзиното „априлилили“, на крајот од разговорот не било разбрано како шега и на Шели на 2 април шефот „мочко“ ѝ го врачил отказното решение. Слична незгода го снашла и Илон Маск, менаџер во американската компанија „Тесла“. Тој, лани, на својот Твитер налог напишал дека неговата компанија е пред банкрот и дека сите обиди банкротот да се избегне останале без успех. Кога шефовите му го врачиле решението за престанок на работен однос, тој изјавил дека неговиот твит бил првоаприлска шега. Каква шега, му возвратиле, кога после тоа акциите на компанијата на берзата паднале за 2, 5 проценти. И на нашиве балкански простори нема разбирање за шегобијци, каков што е извесен Петар Рашиќ, новинар во локалното радио во Трговиште, една од најсиромашните општини во Р. Србија. Пред две години, на први април, во програмата во живо, колегата Рашиќ најавил гостување на министерот Ивица Дачиќ. Ненајавената посета на министерот толку ги вознемирила раскараните локални политичари, што тие не ја дослушале емисијата и наводниот разговор со Дачиќ, па отпосле дознале дека „гостувањето“ било првоаприлска шега. Поради стресот на што го преживеале, на новинарот шегобиец утредента му било врачено отказно решение.



## Шпагети на врба и рајски остров

Најуспешна првоаприлска шега, една од оние која од 1957 година се повторува и провлекува низ сите светски медиуми, е секако онаа поврзана со „швајцарските шпагети“.

Нејзин автор е Ричард Димбелби., истакнат водител на британскиот канал „Би Би Си“, и таа се смета за најогирална шега во историјата поврзана со Денот на шегите. Откако дошол на идеја на своите слушатели да им понуди оригинална шега, поминале цели шест месеци. Имено за реализација на истата била ангажирана цела филмска екипа, дваесетина работници, статисти, еден тон шпагети и еден врбак покрај Темза. Репортажата била емитувана на 1 април во ударниот термин и во популарна емисија на исто така популарниот Димбелби. ТВ-гледачите ширум Велика Британија имале можност први во светот да ја видат репортажата за одгледување и берба на италијански шпагети. Десетина минути по емитувањето

на репортажата, редакцијата на „Би Би Си" била преплавена од телефонски повици. Илјадници Британци барале повеќе информации, бидејќи прилогот сугерирал „невиден профит" од швајцарското растение.
Немало информации за резилот на гордите Британци, кои не знаеле дека шпагетите не растат на врба, туку се прават во фабрика за тестенини.
Според општото мислење, Британците држат примат по број на успешни првоаприлски шеги. На листата на легендарни се и шегите „Рајски остров" и „Свемирски брод". Весникот „Гардијан" во 1977 година објавил голема илустрирана репортажа од островската држава Сан Сериф, наведувајќи дека е тоа најоптималното место за живеење на нашата планета. Освен природните



убавини и благородната клима, на островот сите услуги биле по многу евтини цени. По објавувањето на репортажата, читателите на весникот испратиле илјадници писма барајќи да им се каже каде точно се наоѓа островот и како до него може да се стаса. Редакцијата на сите им одговорила со една реченица, „Репортажата е објавена на 1 април".
Милијардерот Ричард Брансон со месеци се поготвувал со својот вселенски брод на 1 април да атерира на лондонскиот Хајд Парк. На негова несреќа, дента дувал силен ветер и наместо во паркот, слетал во поле, дваесетина километри од Лондон. Неговиот НЛО се спуштил во близина на автопатот, во време кога тука поминувале неколку илјади моторџии. Кога го здогледале чудното летало, моторџиите повикале полиција, но кога полицајците пристигнале и го здогледале пилотот вонземјанин, избегале. Подоцна, специјалци утврдиле дека „марсовецот" не е никој друг туку богаташот Брансон.

## Вулкан-мајстори и лет во место

Локален мангуп од гратчето Ситки, по име Порки Бикар, е влезен во аналите на белосветските медиуми како актер на најоригинална првоаприлска шега. Во 1974 година Порки на згаснатиот вулкан Монт Еџком транспортирал неколку стотини стари автомобилски гуми и рано наутро на 1 април гумите ги запалил, а потоа се вратил во гратчето да ги предупри сограѓаните на опасноста. Со тек на време чадот на врвот на планината бил сѐ погуст и поголем, така што во гратчето предизвикал општа тревога и паника. Кога видел дека „ѓаволот ја однел шегата", Порки отишол во локалното радио и кажал за што се работи. Така спречил масовно бегство од Ситки. Седум години подоцна, во 1980 година, вулканот навистина „проработел", но граѓаните мислеле дека е тоа повторно масло на оној неранимајко Порки, и воопшто не се испаничиле.Неколку дена пред 1 април 1980 година, на Хомек Кили, продуцент на бостонскиот ТВ Канал 7, му текнало на случката од Аљаска, па решил на гледачите на својата телевизија да им направи реприза. Но, наместо до врвот на планината Геат Блу Хил да влечка стари автомобилски гуми, монтирал прилог за „будење" на вулканот. Прилогот бил емитуван во вонредни вести, а во него била вметната и изјавата на тогашниот американски претседател Џими Картер. По завршувањето на вестите, спикерот на гледачите им покажал знак на кој било испишано „Априлилили". Спомнатата телевизија, истата вечер, им се извинила на гледачите, а шегобиецот Кили добил отказно решение.
Познато е дека за веродостојноста на некоја информација треба да стои потврден авторитет, па така и првоаприлските шеги бараат покритие од некоја умна и позната лчичност. А, токму таков бил британскиот астроном, Патрик Мур, кој гостувајќи на радиото „Би Би Си", изјавил дека утре (1 април), точно во 9 часот и 47 минути, планетите на Сончевиот систем ќе се поредат така што ќе ја намалат гравитацијата. Со други зборови, оној што сака да се вивне во воздухот и да лебди, тоа треба да го стори токму во тој термин. Веста брзо се проширила, па илјадници Англичани го чекале мигот за полетување. На 1 април 1974 година немало опаѓање на гравитацијата, ниту лебдење во воздухот, но имало пцости на сметка на астрономот, кој изјавил дека денот не му бил научнички.

## Женско-машко швалерисување

Ако знаеме дека на планетава 1 април се одбележува од Ное до денес, дека на неа живеле 108.470.690.115 ( 109 милијарди) луѓе, ќе ни стане јасно дека не е можно да не се спомнати и најоригиналните првоаприлски шеги. Познато е, исто така, дека Денот на шегата се одбележува и во најмалите урбани средини и во сите сфери на човековото битисување. Во новиот милениум не се забележани спектакуларни шеги, но оние најоргиналните веднаш влегуваат во непишаната енциклопедија на шегите.
Интересно е дека сѐ до 2000 година не е забележана првоаприлска шега чиј автор е жена, но во последниве две децении, во ерата на мобилна телефонија и фамозните пораки, жените имат примат. Во спомнатиот период, секоја трета шега се однесува на сексот и брачните односи, а најдобра илустрација за ваквото тврдење е вицот (види рамка), каде до израз доаѓа вродената итроштина на понежниот пол.
Почитувани читатели на „Штит", доколку сакате да влезете во некое вакво и слично првоаприлско писание, смислете нешто оригинално, бидејќи 1 април е веќе пред прагот. Само внимавајте да не ви се случи 9 февруари.

Миле Раденковиќ

### И јас тебе...

Љубов моја, те изневерив - и вели мажот на жената.
- И јас тебе, возвраќа таа.
- Први април - вели мажот.
- Деветти февруари - одговара жената

### Неумесна шега – сигурен затвор

Минатата година ова време, властите на Тајланд објавија дека секој автор на неумесна првоприлска шега може да заработи затворска казна до три години. Нивните колеги од индијската држава Махараштири, поточно министерот за внатрешни работи, на државната телевизија изјавил дека најстрого ќе биде казнет секој кој на 1 април ќе пласира лажни вести. Со санкционирање на ширењето лаги поврзани со корона вирусот, се заканија и властите во Германиј, претпоставувајќи дека токму КОВИД-19 ќе биде она за што ќе има најмногу шеги на 1 април годинава.



# Обука по скијање со питомците од XXIII класа на Питомечкиот баталјон

Живописното црногорско гратче Колашин, сместено во подножјето на планината Бјеласица и љубезниот воен персонал на чело со нивниот командант од касарната „Бреза", и оваа година по шести пат беа домаќини на питомците од Питомечкиот баталјон. XXIII класа на питомци, предводена лично од нивниот командант, потполковникот Игор Јанкуловски и поручникот Лазар Хаџиев, се упати во ова прекрасно планинско туристичко место и во периодот од 22 февруари до 2 март ја реализираше обуката во скијање предвидена со наставниот план и програма. За реализацијата на обуката многу им помогнаа инструкторите по скијање од Армијата, професорот по ФВ, Горан Астарџиев, мајорот Емил Ангеловски и наредникот Лазар Веланов. Обуката се одвивапше во отежнати услови поради протоколите од пандемијата на COVID-19 вирусот. Обуката се реализираше на падините на планината Бјеласица која, патем кажано, од година во година прераснува во сè помодерен регионален зимски скијачки центар. Таму, на 1600 метри надморска височина и повеќе, питомците, покрај останатите дејства со скии, ги совладуваа и основните техники на скијањето како што се плужење, плужење до застанување, плужни завои, плужење – спуст право и плужење до застанување, кос спуст, кос спуст со основен завој. Во оваа прилика мора да се потенцира големиот морал, карактер и огромната желба, упорност и дисциплина која питомците ја манифестираа при стекнувањето на новите знаења поврзани со скијањето. И токму заради тоа, повеќето од нив за релативно кратко време (имаа на располагање само 7 ефективни дена, што е многу малку време за ваков вид на обука) и во релативно тешки услови за скијање, со успех ја завршија предвидената обука. Во иднина, заради краткото време за реализација на оваа обука, можеби ќе треба да се размислува за планирање на повеќе инструктори за скијање и секако, да се предвидат повеќе денови, бидејќи пожелно би било на ваков терен и на ваков тип на обука, покрај скијањето, да се размислува и за теми како што се изработка на објекти за престој во планина во зимски услови (игла, мечкини дупки ), справување со евентуални лавини од снег и слично. На тој начин питомците би добиле поразновидна обука и, секако, би се стекнале со еден поширок дијапазон на знаења.

Горан Астарџиев





# „Грејхаунд“

Влегувањето на САД во Втората светска војна донесе и нов предизвик кој не им бил познат на сојузниците на европскиот континент: Како безбедно да се пренесат ресурси на европските фронтови, преку Атлантикот? Филмот „Грејхаунд“ се концентрира токму на таа приказна, ставајќи го во фокус преминувањето на бродовите преку таканаречената „црна дупка“ во северниот дел на Атлантскиот Океан. Оваа зона, која се поминувала со брод за не помалку од пет дена била опасна затоа што се наоѓала премногу далеку од копното за да се овозможи авионска поддршка при евентуален напад, но, доволно блиску за нацистичките подморници чија мисија била да се искористи токму таа слабост на сојузниците во овој потег и да се „уловат“, односно да се потопат бродовите пред да стигнат до копното и да се консолидираат со другите сојузнички војски. Оваа зона, била вечно почивалиште на многу сојузнички бродови кои токму тука го завршиле, или подобро кажано, го прекратиле последното патување. Во шесте години на Втората светска војна, Атлантикот „проголтал“ повеќе од 2.700 трговски бродови со повеќе од 80.000 морнари, како и околу 1000 нацистички подморници со дури 70% од германските морнари.

## Поморска воена сага

САД, 1942 година. Капетанот Ернест Краус ја добива првата воена командирска задача, а со неа и голема одговорност да пренесе безбедно конвој на сојузнички бродови до Велика Британија. Конвојот на трговски бродови бил придружуван од воени бродови и колку што била комплицирана логистиката конвојот од 40 бродови да патува заедно, толку била и тешка задачата да се заштитат од напади. Водењето на конвој, значело координирање на 40 бродови, секогаш кога требало да се направи промена на курсот, процесирање на некомплетни информации и донесување на моментални одлуки.
Курсот на бродовите до стариот континент минува низ зона каде бродовите можат да станат лесен плен за злогласените „У-бродови“, или едноставно кажано, германски подморници. Дење патувале под вода, а ноќе на површината. Подморниците, кои напаѓале во група и биле познати како „волчји гулутници“, имале солидно тестирана стратегија на гонење и демнење на конвоите. Но, колку таа стратегија ќе успее против капетанот Краус кој, исто така, тргнал подготвен на ова патување? Тргнати со надеж дека ќе згазат на тлото на Европа, војниците од конвојот „HX-25“ влегуваат во драматична борба уште при самиот пат, во т.н. „битката на Атлантикот“. Битката е



повеќе конфронтација на умови и стратегии, отколку на оружје и торпеда. А, таквите битки се страшни, затоа што ги повикуваат сите лични демони и сомнежи и задираат во психата на учесниците. Но, капетанот Ернест Краус, се води од религијата, разумот и принципите, а не од емоциите.
„Една работа потешка од самиот фронт е патот од да се стигне до таму“ се вели во слоганот на филмот. Драматизацијата на „Грејхаунд“ (името на филмот всушност е кодираното име користено при радиоврска за бродот „УСС Килинг“ со кој капетанува Краус прикажува неколку блиски средби и соочувања на противниците) е до ситуации кога буквално можат да се видат едни со други. Нацистичките „волчји гулутници“ ја имале предноста ноќе, кога воените бродови имале слаба видливост и тоа било нивното идеално време за напад. Нивната стратегија вклучувала синхронизирани напади на повеќе подморници кои го обиколуваат пленот, буквално како напад од волци, пловење под самите бродови за време на денот за да не можат да ги насочат торпедата толку ниско и кон нив, активирање на подводни мамки кои ги „залажувале“ радарите со цел противникот да го потроши оружјето, до пловење буквално како дел од самите конвои, позиционирани помеѓу два бродови, за да не може да се пука кон нив без да се оштети пријателскиот брод од другата страна… Интересно е да се спомене дека нацистичките морнари не само што напаѓаат со оружје, туку и се вмешуваат и ги „окупираат“ комуникациските линии на конвоите, обидувајќи се на тој начин да влијаат на моралот на противниците, испраќајќи им закanuвачки и исмејувачки пораки со цел да ги заплашат и дестабилизираат. „Она што го направивте вчера, направи да сме тука денес“, ќе рече еден од морнарите на капетанот. Но, за Краус, тоа не е доволно.

## Дневник за поморско војување

Филмот е стуктуиран во еден вид на поглавја врамени со стражарските смени од четири часа, а дополнително, филмот прогресира споделувајќи ја информацијата за времето кое преостанува до авионската поддршка. Само капетанот Краус е константата која ја дочекува и испраќа секоја смена, без сон, без храна, стожерот на конвојот. Секоја смена



има посебен визуелен наратив, од облачен ден, квечерина, ноќ, сончево утро, ставајќи посебен печат на секоја структурална единица но, сепак, заедно функционираат кохезивно и урамнотежено.
Режисерот Арон Шнајдер неговата кариера во филмските води ја започнал како кинематограф, а неговото прво режисерско искуство било адаптацијата на кратката приказна на Вилијам Фокнер „Двајца војници“ со која зачнал неговиот интерес за Втората светка војна. Добивањето на режисерската палка во „Грејхаунд“, за Шнајдер било голем предизвик, особено поради соработката со Хенкс чија кариера пред и зад камерата има релации со многу звучни воени филмски остварувања. Агажманот на Хенкс на друг филм му оставило доволно време од неколку месеци на Арон Шнајдер, пред почетокот на снимањето, да истражи доволно за тематиката, од униформите, бродски топови, радари, визуелни референци, архивски поморски фотографии и сето тоа било споделено со екипата како извор на знаење за тој период. Режисерот бил подготвен за одговори на сите прашања поврзани со автентичноста, дури и го пронашол и го прочитал прирачникот за ракување со радар од Втората светска војна (кој веќе не е класифицирана информација) за да го приспособи дијалогот во сцената со поправката на расипаниот радар. Друга маркантна сцена каде автентичноста била детално запазена е поморскиот погреб на загинатите членови на екипажот, односно нивниот погреб во морето, при прикажување на целиот погребен ритуал. Филмот не влегува во екстремна тензичност, но со право можеме да кажеме дека претставува филмски дневник за логистиката на поморското војување.
Изминатата година го смени начинот на живот во целиот свет во многу аспекти, а филмската индустрија не остана изземена од промените. Филмот „Грејхаунд“ снимен по сценарио на Том Хенкс требаше да има кинопремиера на 22 март 2020 година. Но, избувнувањето на пандемијата на Ковид-19 во САД направи неколкукратни одложувања и овој филм беше премиерно прикажан на стриминг-сервисот на компанијата „Епл“, два месеци подоцна. На крајот на годината, иако филмот не го поседува епскиот звучен тоналитет на холивудските филмови, успеа да влезе на листата на најгледани 25 филмови во 2020 година. Останува да видиме дали ќе се закити и со наградата „Оскар“ оваа година, каде ќе се појави со една номинација за најдобар звук, на настанот закажан овој месец.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Aaron Schnider

**Сценарио:** Tom Hanks

**Улоги:** Tom Hanks, Rob Morgan, Elizabeth Shue, Stephen Graham

**Кинематографија:** Shelly Johnson

**Музика:** Blake Neely

**Времетраење:** 91 минута

**Земја:** САД

**Година:** 2020

**Награди:** Номинација за „Оскар“ за најдобар звук, две номинации за БАФТА награди за најдобар звук и визуелни ефекти и преку 10 други номинации



# Порече – преубава област во срцето

Областа Порече се наоѓа во западниот дел на Македонија. Се протега во средниот тек на реката Треска, која е пробиена помеѓу високи планини и наликува на високо распостранета котлина. Голем интерес будат планинските врвови кои се издигнуваат со височини од над 2.000 метри. Меѓу нив најатрактивен е врвот Солунска Глава, висок 2540 м. Во областа најатрактивни пештери се: Пешна, пештерата Слатински Извор, Пурало, Горна Слатинска, Змејовица, Девина, Момичек, Лапарница, Голубарник, Алена и други. Од пропастите најтрактивни се: Словачка Јама, Длабока Јама, Солунска Јама и други. Климата на овие простори се манифестира со ладни и врнежливи зими, додека летата се суви и топли.
Реката Треска областа ја дели на две половини. Низ Порече Треска прима 12 притоки, меѓу кои најголема и најатрактивна е реката Белешница (Беличка Река). Особена атракција претставува и понорот на Крапска Река, под селото Крапа. Впечатлива е и водопадот на Марковска Река. Покрај реките, атрактивни се и бројните извори, како што се: Беличките Извори, Модришките Извори, изворот „Извор“, изворот „Пешна“, солениот извор во Слатина, солениот извор во Сланско итн. Во Порече нема природни езера, но со преградување на реката Треска и формирањето на браната Козјак, создадено е вештачкото Поречко Езеро или Козјак, кое претставува најдолго езеро во Македонија. На неговите брегови, досега се изградени повеќе викенд-населби. Во Порече има повеќе археолошки локалитети, меѓу кои најпознати и највпечатливи се Девините Кули и ѕидините во пештерата Пешна. Меѓу сите светилишта, централно место му припаѓа Поречки манастир. Покрај овој манастир, атрактивни се црквите „Св. Илија“ во Самоков и „Св. Богородица“ во Македонски Брод и новоизградената црква посветена на Св. Преображдение.
Од обичаите, интересен е „Велигденските кули“, а најмасовни манифестации се: „Поречки средби“ и „Костенијада“. „Поречки средби“ се оджува во почетокот на месец јуни, а местото на одржување се менува, секогаш се избира некое ново село. ,,Костенијада“ се одржува во средината на ноември во Македонски Брод. Денес, во Порече сѐ повеќе се инвестира во изградба на туристичко-угостителски објекти, а мошне атрактивни се и рибните ресторани по долината на реката Треска и Белешница (Беличка Река). Покрај овие туристичко-угостителски објекти, свои објекти изнајмува и природниот резерват Јасен.

Кристина Илиевска



# на Македонија









1 ГОДИНА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО НАТО
#НИЕСМЕНАТО